**Универзитет „Св.Кирил и Методиј„**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ-Скопје**

Институт за педагогија

***Последипломски студии за педагогија***

# *“Албанскиот јазик како изборен предмет во деветгодишното образование”*

*(магистерски труд)*


Ментор: Кандидат:

Проф.д-р Марија Тофовиќ- Ќамилова Мерита Сејдини


*Скопје, 2013*

# СОДРЖИНА:

**ВОВЕД........................................................................................6**

**I. ДЕЛ**

**ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ**

**1. МУЛТИКУЛТУРНОТО ОБРАЗОВАНИЕ..........................................................11**

**2. ПОТРЕБАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК КАКО ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ ВО ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ..........................................................16**

**3. КОРИСТЕЊЕ НА УЧЕБНИЦИТЕ ВО НАСТАВАТА..................................20**

**4. ПРОГРАМСКА ПОСТАВЕНОСТ НА АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК КАКО ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ ВО ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ..........................................................31**

**4.1. НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА АЛБАНСКИ ЈАЗИК ЗА V одд.......32**

**4.2. НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА АЛБАНСКИ ЈАЗИК ЗА VIодд.....35**

**4.3. НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА АЛБАНСКИ ЈАЗИК ЗА VII одд..........................................................38**

**4.4. НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА АЛБАНСКИ ЈАЗИК ЗА VIII одд..........................................................40**

5. АНАЛИЗА НА УЧЕБНИЦИТЕ ПО АЛБАНСКИ ЈАЗИК КАКО ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ ВО ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ....................47

5.1. Учебникот за петто одделение по предметот Албански јазик (изборен предмет) во деветгодишно осново образование....................48

5.2. Учебникот за шесто одделение по предметот Албански јазик (изборен предмет) во деветгодишно осново образование....................52

5.3. Учебникот за седмо одделение по предметот Албански јазик (изборен предмет) во деветгодишно осново образование....................56

5.4. Учебникот за осмо одделение по предметот Албански јазик (изборен предмет) во деветгодишно осново образование....................61

6. РЕЛЕВАНТНО ИСТРАЖУВАЊЕ....................67

## II. ДЕЛ

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО....................76

2. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО....................76

3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО....................76

**4. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО......................................................77**

**5. ОПШТА ХИПОТЕЗА..................................................................................77**

**6. ПОМОШНИ ХИПОТЕЗИ...........................................................................78**

**7. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО....................................................78**

**8. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ.......78**

**9. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК..............................................................79**

**10. СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ.............................................................................................80**

**11. ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО............................80**

**III. ДЕЛ**

**АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО...........................................................................................82**

**1. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ НА УЧЕБНИЦИТЕ ПО АЛБАНСКИ ЈАЗИК КАКО ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ ВО ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ....................82**

3. СТРУКТУИРАН ПРОТОКОЛ НА ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОРИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ ( ПЕДАГОГ И ПСИХОЛОГ)..............................102

4. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТАТА НАПРАВЕНА СО НАСТАВНИЦИТЕ..............................................................113

## IV. ДЕЛ

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА..............................................................127

## V. ДЕЛ

ЛИТЕРАТУРА..............................................................133

ПРИЛОЗИ ..............................................................137

# ВОВЕД

**"Никогаш и никаде во светот не постојат две исти мислења, како што нема ни две исти влакна, ни две исти зрна. Различноста е најуниверзален квалитет".**

**Montaigne, француски филозоф[1]**

Денешниот свет е многу динамичен и се случуваат безброј промени, постојат премногу култури, јазици, традиции и етнитети сите на свој начин посебени и различни а толку идентични и блиски. На просторите на Балканот секогаш живееле народи со различна културна, јазична, верска и цивилизациска припадност, но оваа различност е едно големо богатство за сите народи што се дел од овој колорит. Често пати различните цивилизации, култури и вери кои се преплетуваат една со друга во овие простори некогаш не се прифаќаат еднакво од сите индивидуи, но со текот на времето се надминуваат и тие пречки, се цени доброто од мултикултурата како едно општо богатство што личи на една цветна градина со многу цвеќиња и различни ароми.

***Мултикултурализмот*** подразбира толеранција, размена и соработка меѓу културите присутни во рамките на една општествена средина, но и во светот воопшто, без оглед на тоа дали се слични или се различни. Народите на Балканот, чии култури се поврзани една со друга, имаат голема потреба од нивно меѓусебно запознавање и комуницирање. Тргнувајќи од тоа, нашата земја е тло на многу нации, религии, култури и јазици. Едно цвеќе од градината на мултикултурата е и Албанскиот литературен јазик што се говори во Македонија. Албанскиот јазик и јазиците на неговите соседи ги носат трагите на

[1] Училиште со мешан ученички состав-МЦГО стр.5

неколку мислења за потеклото на Албанскиот јазик, но е потврдено дека Албанскиот јазик, потекнува од јужниот диалект на Илирите, а албанците се наследници на Илирите. Ова е дрвото на индо-европјанските јазици изграден во 1974 од Инстутот на јазици од Шведска и објавено во 1975 во светската книга: Webster's New Twentieth Century Dictionary, Unabridged Second Edition, De Luxe Color, William Collins and World Publishing Co., Inc., 1975. ISBN 0-539-048523-3.[2]




[2] http://utsh.mrforum.net/t49-origjina-e-gjuhes-shqipe-dhe-historia-e-saj

Иако Албанскиот јазик е многу стар Првиот доказен материал за постоењето на пишан албански јазик датира од 1332 год., кога францускиот свештеник Гуеиллелмус Адае, напишал: "Иако Албанците имаат поинаков јазик, наполно различен од латинскиот, сепак во сите нивни книги ја користат латинската азбука" ***(directorium ad passagium fascineda,кн.1,дел V)*** [3] Првиот откриен документ пак е формулата за крштевање на децата од 1462, и гласи вака: "Unte paghesont premenit Atit et birit et spertit senit”



vulgari Albanico: Vnte paghesont premenit Atit et birit et spertit senit. Et quod si quis hoc modo baptizatus fuerit, iterum non rebaptizetur sed suppleantur orationes et que omissum est. Verum si dubitaretur an verba illa prolata fuerint a laico vel femina que forte sic baptizaverit, tunc sacerdos baptizans mittat aquam in puerum, dicendo: si tu es baptizatus, ego non te rebaptizo; sed si non es baptizatus, ego te baptizo in noie Patris et filij et spiritus sancti ...

Првата пишана книга на албански јазик е “Meshari” (Мешари) од Ѓон Бузуку во 1555 год. Албанскиот литературен јазик е создаден врз основа на двата главни диалекта: тоскискиот и гегскиот. Границa на овие два диелекта е реката Шкумбин. Разликата меѓу овие два дијалекта се сведува во следниве факти: употреба на дифтонзи, акцентирањето, изговорот, како и одделни лексички термини. Албанскиот говор во Македонија спаѓа во централно-гегиската група од јужно-гегискиот поддијалект. Во албанската историја и за Албанците воопшто, посебно место зазема Албанскиот препород (XIX-XXвек). Во текот на овој период, јазичните проблеми станаа додатен предизвик на Албанскиот препород, кој со азбуката на Истамбулското Друштво (1878) ги удри темелите

[3] “Да учиме Албански”-М.Ибрахими стр.8

на решавање на проблемот со азбуката на албанскиот јазик. Овој проблем целосно се реши во 1908 год. во Битола каде е одржан Конгресот за азбуката[4]




каде за основа е земена латинската азбука и која и денес се употребува. Во 1972 год. се удрени темелите за правописот на Албанскиот јазик, тогаш утврдените норми се уптотребуваат и денес. Унифицираниот Албански литературен јазик се зборува во Албанија, Косово, Македонија и секаде каде што живеат Албанци ширум светот. Албанскиот јазик како дел од мозаикот на јазици во овие простори во последните години со промените што се воведуваат во воспитно-образовниот систем во РМ им се нуди на учениците не албанци од VI, VII и VIII да го изучуваат како изборен предмет во склоп во наставата. Јазичниот колорит е едно богатство што треба да се искористи како мост за поворзување ме народите што живеаат тука, давајќи му предност на дијалогот и заемно запознавање со цел за подобро разбирање.

[4] http://utsh.mrforum.net/t49-origjina-e-gjuhes-shqipe-dhe-historia-e-saj

# ПРВ ДЕЛ

# ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ

# 1. МУЛТИКУЛТУРНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Мултикултуризмот и адресирањето на меѓуетничките односи во образованието претставуваат основа за меѓусебното разбирање и градењето на кохезивно општество. Учениците во оваа земја со промените што се случуваат во образовниот систем имаат можност да научат да ги разбираат, прифаќаат и почитуваат разликите за да можат да живеат во едно мултикултурно и мултиетничко општество. Република Македонија по осамостојувањето минува низ комплексен процес на транзиција во секој сегмент на општествениот живот. Со овој процес на промени беше опфатен и нејзиниот образовен ситем со една единствена тенденција за негово осовременување и напуштање на застарените идеологии. Воспитно-образовниот систем во Република Македонија, а посебно основното образование во последните години се карактеризира со голема отвореност кон промени, градење на нова концепција на образованието засована на современите сфаќања на научната мисла и искуствата на западните земји чија најзначајна цел е подигнување на квалитетот на образованието. Основното образование, како уставно загарантиран степен преку кој припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиват својот идентитет и особеностите на своите заедници, нужно применува еднаков третман на сите деца без разлика на нивната етничка, верска и полова припадност, јазик, социјално-економски статус и место на живеење, и способности/пречки во развојот/учењето. Основното образование е единствено и бесплатно, остварува идентични цели и задачи насочени кон пренесување на општествено прифатените вредности. Задолжителноста и единственоста на основното образование се основа на еднаквоста на секој поединец во општествената заедница. Нашето поднебје е обоено со многу култури и јазици дел од тие кулртури и јазици се опфатении во основното образование преку мешани етнички училишта, наставни програми, активноти во насатвата како и содржини на учебниците. Според студијата извршена за *мултикултаризмот и*

*меѓуетничките односи во образованието*[5], и извршената анализата на **наставните планови и програми за основно образование** во ова студија, покажа дека:

1. Општо земено новите програми за деветгодишно основно образование соодветно вклучуваат почитувањето на мултикултурализмот. Наставниот план е добра основа за примена и промовирање на мултикултурализмот во училиштата.
2. Новите програми за деветгодишно образование повеќе и посистематски водат сметка за мултикултурноста од претходните програми за осумгодишното образование во најголем дел, Наставните програми соодветно ја покриваат мултикултурната димензија преку развојните односно општите и/или конкретните цели.
3. Целната ориентираност на наставните програми може да претставува потенцијален проблем од перспектива на реализација на мултикултурните цели, имајќи во предвид дека наставниот кадар не е соодветно оспособен за почитување на овие цели во наставата и во некои учебниците отсуствуваат содржини и активности кои се однесуваат на овие цели.
4. Со воведување на Образование за животни вештини се нудат конкретни алатки преку кои се обезбедуваат практични насоки за стекнување знаења, вештини и вредности за живеење во мултикултурна и мултиетничка средина.
5. Почитувањето на мултикултурализмот во наставниот план за деветолетката се огледа главно преку понудените изборни предмети на учениците им се овозможува да ги учат јазиците и културата на повеќето етнички заедници, да изберат да се запознаваат со различните религии и

[5] Мултикултаризмот и меѓуетничките односи во образованието-УНИЦЕФ стр.31

преку повеќе други предмети да се експонираат на мултиетничката реалност во земјата.

6. Наставните програми за релевантните изборни предмети нудат добра основа за прифаќање и почитување на мултикултурната реалност на земјата, но само за мал дел од предметите се понудени начини/алатки на кои конкретно може тоа и да се реализира на час.
7. Според наставниот план, учениците кои посетуваат настава на другите јазици задолжително и навремено започнуваат да го учат македонскиот јазик, додека учениците кои посетуваат настава на македонски јазик не се обврзани да учат јазик на другите побројни етнички заедници и покрај тоа што задолжително треба да учат втор странски јазик.[6]

Овие се неколку показатели околу употребата на мултикултурата во образованието но не само наставните програми и содржини туку и вон наставни активности.

Според *Банкс & Банкс: " Мултикултурното образование е научна област и дисциплина чија што главна цел е да создаде еднакви образовни можности за учениците од различни расни, етнички, социјални и културни групи. Една од значајните цели е да им помогне на учениците да се стекнат со знаење, ставови и вештини потребни за ефективно да функционираат во едно плуралистичко демократско општество и да стапуваат во интеракција и комуникација со луѓе од различни групи со цел да создадат граѓанско и морално општетсво кое ќе се стреми кон заедничко добро."*

*(Банкс & Банкс, 1995)*[7]

---

[6] Исто тука- стр.31

[7] Мултикултурна едукација и културна медијација – МИР стр. 8

Говорејќи за мултикултуралноста и мултикултурализмот, неопходно е да направиме јасна дистинкција помеѓу овие два поима. *Мултикултуралноста* се однесува на мултикултурната структура на популацијата, односно постоењето на повеќе културни групи во рамките на една политичка заедница, додека пак, *мултикултурализмот* првенствено претставува политички концепт кој преку определена правна рамка ги утврдува начините и механизмите за признавање и почитување на културните разлики и реализирањето на нивните културни права. Мултикултурализмот е идеја или идеал за заеднички соживот на различни етнички и културни групи во рамките на едно плуралистичко општество. Основните значења на терминот *мултикултурализам* се однесуваат како на идеологијата така и на збирот на културни политики односно културни практики. Мултикултурното образование може да му помогне на општеството да биде потолерантно, инклузивно, и праведно секако не треба да се употребуваат само одредени датуми и површни текстови за употреба на мултикултурата во образованието. Надминување на предрасудите и стереотипите но не само од учениците туку и од самиите наставницит кои предаваат различни предмети. Запознавање на другото и воочување дека не и толку различно, бидејќи палетата на бои е различна но сите бои заедно сочинуваат виножито кое одлично сјае на небото. **Учење на јазици** е веројатно најотворената наставна програма, бидејќи наставата во јазичната област не е поврзана со определен текст, комуникацијата на различни јазици и компарацијата со синонимите е интересен концепт на изучување.Вредноста на таа мешавина на изучување на јазици и култури ќе придоенсе за подобро запозанавање меѓусебно и взаемно почитување. Истотака и поквалитетно образование, додека квалитетното образование подразбира демократичост, изборност, стимулативно окружување, квалитетна настава што ги подготвува учениците за академски постигнувања во повисоките степени на образование или им овозможува усвојување стручни знаења и градење вештини за компетентно вклучување во работниот процес.

Улогата на јазикот е неспоредливо значајна во однос на сите останати културни идентификатори, имајќи ја предвид неговата повеќезначна функција - како средство за социјална комуникација но, и како инструмент преку кој се обезбедува континуитет на културниот живот.

За едно мултикултурно општество велиме дека е инклузивно доколку, во исто време, успее да биде и различно но, и да ги признае и практикува оние форми на различност кои се соодветно ограничени и не претставуваат закана за општествената интеграција (Беннет).[8]

[8] Културните разлики и општествената интеграција : Македонија пред и по Рамковниот договор / Ганка Цветанова. - Скопје : Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД, 2007. стр. 71

# 1. ПОТРЕБАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК КАКО ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ ВО ДЕВЕТГОДИШНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**"Јазикот е огледало на народот и нивната култура"[9]**

**Е. Чабеј**

Во Уставот на Република Македонија и во Законот за основно образование постои основа за развивање на наставен план со наставни програми за деветгодишно основно воспитание и образование. Тргнувајќи од анализата на основното образование во Република Македонија, како и на задолжителното образование во други држави во Европската унија, изготвен е предлог за редефинирање на развојните цели и нов наставен план и наставни програми за основните училишта со коишто ќе се подобрува содржината, организацијата и квалитетот на основното воспитание и образование.

За развивањето на предложените промени земени се предвид достигањата на науката за образованието и воспитанието, препораките на Советот на Европа и на други меѓународни организации, а особено, наставните планови и искуството во основното и задолжителното образование во Австрија, Велика Британија, Германија, Франција, Данска, Финска, Шведска, Словенија, Хрватска и во други држави. Особено, посебно внимание е посветено на искуството што е стекнато со развојните истражувања и иновациите во наставата во голем број основни училишта во Република Македонија. Така, од сето стекнато искуство во изминатите години неопходно беше пронаоѓање на модел за развој на основното воспитание и образование, како и за трансформација на основните училишта според развојните цели, новиот наставен план и другите решенија на така воспоставениот систем. Последнава деценија, исто така, постои определба за

[9] http://utsh.mrforum.net/t49-origjina-e-gjuhes-shqipe-dhe-historia-e-saj

развивање на моделот на деветгодишно задолжително образование којшто е развиен во сообразност со развојните карактеристики на учениците во одделни развојни периоди како што е во Република Словенија и во други развиени држави на ЕУ. Македонија е земја на мешавина на народи кои живеаат во неа. Современите сознанија и тенденции говорат дека организацијата на наставата се повеќе треба да се ориентира кон индивидуалните можности на учениците, односно на различни форми на диференцијација. Исто така, се сметало дека со диференциран приод во организацијата на наставата и нејзиното приспособување на интересите и способностите на учениците ќе се надмине и противречноста меѓу обемот и длабочината на содржината на наставата и ограниченоста на можностите на учениците.

Една од формите на диференцијација, што се појавила во почетокот на овој век, главно, во земјите во кои научно-технолошката револуција била со поинтензивен развој, е поделбата на содржините на наставата на два дела: задолжителни предмети (програми), што се обврзни за сите ученици, и изборни предмети (програми), од кои ученикот избира еден или неколку, зависно од неговите интереси и способности.

Појдовните основи за воведувањето на оваа форма на диференцијација, позната како изборна настава, биле сознанијата за: потребата од диференцирањето на образованието на младите, што произлегува од сознанието за индивидуалните разлики меѓу учениците од иста возраст; зголемувањето на обемот и длабочината на знаењата, што произлегува од интензивниот развој на науката и техниката; потребата за постојана диференцијација во производството и нејзиното влијание врз работата на луѓето; и останатите практични и општествени потреби што произлегуваат од човековата дејност воопшто. Еден од принципите на кои почива актуелната концепција на основното образование директно се однесува на промовирање мултикултурализам во образованието. Според принципот на разбирање на другите и мултикултурност, содржините, методите и активностите што им се нудат на учениците во училиштето треба да ги промовираат

толеранцијата и почитувањето на разликите како вредности и да овозможат стекнување знаења и вештини за разбирање и почитување на другите. Според овој принцип мултикултурноста на македонското општество бара основното училиште да го промовира развивањето на вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и нивната култура, јазикот и традициите, а училиштето се смета одговорно за развивање свест кај учениците за своето културно потекло и за поттикнување на интересот за запознавање на културното наследство на другите заедници.

Во идеите што се разработуваат кај нас, изборната настава се сфаќа како соодветна *форма на диференцијација* во содржината на образованието, врз основа на интересите на учениците. Диференцијацијата треба да се оствари на тој начин што ќе се одреди основен фонд на наставни содржини, што ќе бидат заеднички за сите ученици, а потоа варијабилен дел (изборни програми), диференциран во неколку делови, за кои учениците ќе се определуваат слободно, според интересите и способностите. *На тој начин се цени дека содржината на образованието повеќе ќе се доближи до интересите и способностите на учениците; ќе се придонесе за растоварување на заедничките програми; ќе се обезбеди повисок успех во совладувањето на изборните програми, а со тоа и на вкупниот успех на учениците; ќе се придонесе за посоодветна професионална ориентација на учениците; ќе се создадат услови за примена на покреативни наставни форми и методи.*[10] Воведувањето на изборната настава претставува решавање на повеќе дидактички проблеми, од што, во крајна линија , зависи со каков успех таа ќе се организира и реализира. Меѓу понудени изборни предмети на учениците во основното образование е и Албанскиот јазик кои е цел на ова наше истражувања. Имајќи предвид дека Албанскиот јазик е втор службен јазик во Република Македонија според Рамковниот договор каде што гласи дека: *Кој било друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од населението, исто така, е службен јазик, , како што е овде*

[10] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование- БРО, Скопје 2007

*образложено. Во органите на Република Македонија, кој било службен јазик различен од македонскиот може да се употребува во согласност со законот, како што понатаму е елаборирано во Анекс Б. Кое било лице што живее во единица на локална самоуправа во која најмалку 20% од населението зборуваат службен јазик различен од македонскиот, може да употребува кој било службен јазик за да комуницира со регионалната канцеларија на централната влада, надлежна за таа општина; таквата канцеларија, ќе одговори на тој јазик, дополнително на македонскиот.Кое било лице може да употребува кој било службен јазик за да комуницира со главна кацеларија на централната влада, кој ќе му одговори на тој јазик, дополнително на македонскиот.*[11]

Луѓето се еднакви, но не и идентични. Тие се разликуваат по пол, возраст, националност, јазик, религија, култура. За да се постигне мир, правда и социјален напредок, потребно е почитување на различноста, почитување на културите. Тоа меѓусебно почитување значи меѓуетничка толеранција. Живеејќи еден покрај друг, запознавјќи ја културата на другиот, традицијата па и јазикот дознаваме колку исти работи не поврзуваат. Од тука произлегува и потребата за воведувањето на Албанскиот јазик како изборен предмет во неалбанските паралелки. Бидејќи Република Македонија е тло на многу етникуми кои живеаат во неа од кои еден етникум е Албанскиот народ со нивната култура, традиција и јазик. Ние живееме во динамичен свет со многу промении и тенденции за подобра иднина на младите, ако во минатото многу работи биле апсурдни дури да се помислат денес постануваат потреба поради конкуренцијата што се појавува во секој чекор и во секој аспект на животот. Познавајќи го јазикот на другиот се збогатуваме со повеќе вредности. *"Колку јазици знаеш, толку вредиш ".*

[11] http://siofa.gov.mk/mk/dokumente/Ramkoven_dogovor.pdf стр,4

## 2. КОРИСТЕЊЕ НА УЧЕБНИЦИТЕ ВО НАСТАВАТА

Книгата е унитарна целина, илустрирана или не, објавено под наслов во каква било форма, чија цел е материјализација на ментален производ на еден или повеќе автори, објавена еднаш или периодично, во еден или повеќе тома.[12]

Учебникот е огледало на умот, извор на сите знаења, помошно средство за подобро реализирање на знаењата и наставата. Еден учебник за да е добар има правила и критериуми, како треба да изгледа и што треба да содржи.

Учебникот зазема доминантно место во воспитно-образозовниот процесс и претставува основно и интегрално средство за стекнување знаења и полесно сознавање на поимите и информациите. Неговата главна улога е на дидактички начин да ги класифицира наставните и научните содржини, во согласност со педагошките барања и воспитно-образовниата функција на училиштето. Во таа смисла се подразбира дека учебникот е извор на знаења и насатвно средство што се користи за постигањоте на воспитно-образовните цели во наставата и учењето. Учебникот му овозможува на ученикот да ги постигне стандардите на знаења и да го потиккне развивањето на способностите: Во **когнитивно подрачје** (од разбирање, примена на на знаењето, анализа, синтеза до вреднување), во **афективно подрачје** (од развивање на спосбностите за прифаќање и заземање за вредности до формирање на ставови) и во **психомоторното подрачје** (од поттикнување на ученикот со осмислени активности да усвојува манипулативни вештини до самостојно вреднување на практичната работа).[13] Во зависност од природата на настивниот предмет може да се понуди само учебник или, пак, дидактички комплет, составен од повеќе

[12] http://sq.wikipedia.org/wiki/Libri

[13] Концепција за изработка на учебник/ Методологија за вреднување на учебник- БРО стр.13, Скопје 2010

делови (учбник, работна тетратка, практикум, односно вежби или други насатвни средства), во согласност со природата на наставниот процесс и учењето. Во современата практика покрај учебникот се препорачува да се издава и методски прирачник за наставникот. Учебникот треба да има мултимедијален карактер, втемелен врз најновите информатички и технолошки промени во свтеот, кои претставуваат дополнителни чинители за поцелосно, поинтересно и посовремено вообличување на содржината, како и за исполнување на афинитетите на учениците (дигитални носачи на информации, монографии, речници и др.). Учебникот треба да биде структуриран согласно мултидисцилинарниот цонцепт на наставата и реалните услови во кои се реализираат насатвните програми. Концепцијата за учебникот ги дефинира општите услови за изготвување на учебникот за основно и за средно образование, при што секој учебник треба:

- да биде во тесна врска со дефинираните цели од наставната програма за определен насатвен предмет и да ги исполнува општите и конкретните цели на секоја тематска целина ;
- да ги следи современите достигања од определената научна област и прифатената (соодветната) стручна терминологија ид а биде синтеза на повеќе педагошки, психолошки, методски и дидактички елементи, чијшто меѓусебен однос е корелативен, комплементарен и динамичен;
- да биде сообразен на возраста на учениците (да ги следи развојните карактеристики на учениците, а стилот и јазикот да бидат јасни иразбирливи)
- да ја јакне воспитната компонента, позитивниот однос кон знаењето, развивањето на граѓанскиот и националниот идентитет, мултикултурноста, родовата рамноправност и сл.[14]

[14] Концепција за изработка на учебник/ Методологија за вреднување на учебник- БРО стр. 30, Скопје, 2010

Врз основа на целите на наставните програми во учебникот треба да бидат развиени содржини од сите програмски подрачја: Јазик, Литература и лектира, изразување и творење и Медиумска култура во основното. Наставните содржини треба да бидат опфатени со соодветен број на часови, дефиниран во наставната програма. Учебникот треба да ги опфати и обработи поимите кои произлегуваат од содржините во наставната програма.

Учебникот треба да биде усогласен со возраста на учениците и притоа да се внимава на интелектуалните способности кои се потребни за учење и усвојување на содржините. Учебникот треба да им овозможи на учениците самообразование и создавање навики за трајно знаење. Во зависност од возраста на учениците во учебникот треба да има соодветни визуелни прилози: слики, репродукции на уметнички дела, детски цртежи, шеми, фотографии, графикони и илустрации кои што го следат текстот. Соодветниот избор на содржините да влијае врз збогатување на речникот на учениците. Преку соодветниот избор изработката на соодржините и нивното систематизирање по програмски подрачја, учебникот треба да ги поттикнува сознајните процеси и способности кај учениците. Учебникот има формат А4 или Б4 и од нив изведени формати (проширени и сл.)[15]

Големината на буквите во учебникот зависи од возраста на учениците за кој е наменет. Може да се користат оние видови писма кои имаат јасни графички знаци и соодветствуваат на писмото на јазикот на којшто е напишан учебникот, а растојанието меѓу знаците треба да е доволно за да може испечатениот збор да биде лесно заблежив и читлив. За печатење на учебникот се користи хартија што е произведена согласно со ИСО стандардите (според меѓународните норми и стандарди). Учебниците треба да се печатат на мат хартија, по правило,бездрвно/офсет со грамажа од минимум 75 г/м. Печатот на учебникот треба да обезбеди висок степен на читливост и графичка и ликовна јасност. За

[15] Исто тука стр. 30

учебниците се предлага поопширано (меко подврзување) со пластифацирани корици, издржливо за повеќегодишна употреба на учебникот. [16]

Современите учебници кои се разликуваат од традиционалните не само што претставуваат значаен извор на знаења, туку и средство за духовен и интелектуален развиток, силно мотивационо средство за развиток на способностите и поттик на креативното мислење. Според тоа, неговата задача е и да ги научи **учениците да учат, да ги поттикнува на тоа, да ги ангажира, да ги тера на мисловна активност и да развиваат самостојни творечки способности кај нив.** [17]

Современата настава бара современ учебник со повеќе идеи, а помалку факти, кој ќе го активира, иницира и провоцира ученикот кон откривање на непознатото. Значи како се развивала наставата и воопшто системот на образование, така и учебникот ги доживувал своите развојни промени, затоа што промените во организацијата,методите и техниките на наставниот процес биле секогаш следени со соодветни промени во учебникот. Така менувајќи се, тој постојано се усовршувал. Во почетокот на I век пред нашата ера се појавил познатиот "родоски ракопис" кој бил широко прифатен, препишуван и дотеруван со внесување на првите елементи на користење како учебник во наставата и останал да се применува во целиот рисмски период во византиската епоха.[18] Во потесна смисла на зборот *учебник*, била првата училишна книга по латински јазик "Ars Minor" од Elijus Donat, римски граматичар од IVвек, која се користела во европските училишта повеќе од илјада години. Во некои земји

[16] Концепција за изработка на учебник/ Методологија за вреднување на учебник- БРО, Скопје 2010

[17] Маказлиева, Е. (1995), Дидактички компоненти на учебникот- Скопје, стр. 29

[18] Исто тука, стр. 29

како во Франција, учебниците се нарекувале курсеви ("Cours"-Cours de mathematikye) аналогно на курсевите во наставата. Дури во XVII век со појавата на печатот создадени се услови за употреба на учебниците. J.A.Коменски (1592-1671) се залагал за учебникот, како неопходно редство и за учениците и за наставниците. Тој напишал повеќе книги, а негово прво дело било "Отворена врата на јазикот" -еден вид зборник на илустрации и зборови за нивно толкување. Тоа е прв учебник во светот кој сознанијата што детето треба да ги стекнува ги одмерува според него.[19] Но, учебникот имал и свои слабости заради што Ж.Ж.Русо (JJRoycceay-1712-1778) воXVIII век барал да се исфрлат од употреба, а него го поддржал и Ј.Х Песталоци (1746-1827) со фактот дека учебницте ја умртвуваат мислата на децата и ги претвораат во "Празни брбливци кои само ги повторуваат на памет научените и запомнатите текстови".[20]

По Првата светска војна повторно се јавувааат овие сваќања и нив ги одржува таканаречениот Проект-метод и теорија на таканаречената комплексна настава, Декролиевото учење (1871-1932) и педагошките теории на J.Dewey (1859-1952) и G.Kerschensteiner(1854-1932). Тие се против пренесувањето на готови знаења на учениците и предлагаат нивно ангажирање во решавање конкретни, актуелни проблеми цообрзаени со возраста на учениците, преку изработка на прецизен проект, и активирање на учениците низ работа преку поврзување на наставата со прозиводната работа. Соверменоит дранцуски педагог Френе (Freinet 1896-1966) бара учениците сами да си ги пишуваат учебниците.[21] Учебникот е вратен во училиштата во Светскиот сојуз во 1933 со одлуката на

[19] Маказлиева, Е.(1995), Дидактички компоненти на учебникот, Скопје, стр. 16

[20] Исто тука, стр. 16

[21] Исто тука, стр. 17

ЦК СКП (б) по оценката дека со исфрлање на учебникот е направена голема штета за настават.

За појавата и развојот на учебникот, теоретичарите даваат свои периодизации кои би биле интересни да се набележат во овој контескт. Така, W.Schramm во неговата ккнига "Uber Historische Entwickung der Unterichtsmittel" ("За историскиот развиток на наставните средтва") истакнува пет периоди.[22]

**Првиот период** го опфаќа времето од појавата на училиштата до 1450 година, т.е. до пронаоѓањето на печатот.

**Вториот период** почнува со пронаоѓањето на печатницата со подвижни букви и преси за репродуцирање цртежи и трае до пронаоѓањето на фотографијата односно до првата половина на XIXвек.

**Третиот период** почнува со пронаоѓањето на фотографијата и трае до 1920 година.

**Четвртиот период** почнува со 1920 и тае до 1950 година,кога покрај учебникот во наставата се користат радио,магнетофонот и звучни наставни филмови **Петтиот период** почнува од и по 1950 година наваму, со разавојот на едукативната телевизија и развитокот на наставната технологија.

Според М.Јовановиќ и Б.Џорџевиќ досегашниот развиток на сваќањата на учебникот и прирачните материјали поминал низ три етапи:

1.Етапа на доминација на рецептивен учебник;

2.Етапа на доминација на работни материјали;

3.Етапа на творење т.н. функционален учебник кој ги вклучува и следбеничките прирачни материјали.[23]

---

[22]Vučenov, N., Koraci ka savremenoj nastavi,ucenja i udzbeniku, str. 117

[23] Јовановиќ, М., Џорџевиќ , Б., Анализа приручне литературе за ученике основних школа, (Зборник-12,Институт за педаг.истражувања,1979)

Стариот учебник имал функција за јасно и точно излагање на градивото и давање само на информации преку експликативен тескт,додека новиот учебник го скратува, смалува текстот, но затоа го проширува и умножува дидактичкиот апарат, т.е. елементите со чија помош информациите (текстот) се подготвуваат за наставна употреба, а тие се прашања, задачи вежби, проблеми, резимеа, прегледи, објаснување и сл., односно оние елемнти за кои од извор на информации го трансформираат во преносник на знаења и помошно средство во наставата. Во периодот по Втората светска војна, проблемот на настваните средства, а во тие рамки и проблемот на учебникот, зазема значајно место во педагошките истражувања во **Франција.** Покрај индивидуалните трудови, се'поголема улога имаат организираната работа на специјализирани истражувачки установи, особено Националниот институт за педагошки истражувачки и документација во Париз. Врз основа на објавените трудови во последниве две децении, може да се заклучи дека во нив се настојува да се расветлат фундименталните елементи на учебникот и да се утврдат критериумите за негово создавање, оценување и усовршување. Во истражувањата доминира проучувањето на педагошката страна на учебникот од стојалиштето на современата педагошка теорија, која ученикот го третира како субјект на образованието. Резултатите од овие истражувања откриваат низа недостатоци на постојаните учебници, кои не се во согласност со барањата на модерна педагогија, структурата на учебниците и начинот на презентирање на содржината, не поттикнуваат доволно интелектуална активност на учениците, учебниците не создаваат можност за самостојно учење на учениците, за примена на стекнатите знаења, за самооценување, за развојот на критичко мислење. Во насока на надминувањето на овие слабости на ученикот се ориентират и наредните истражувачки активности.

Во **Соедintетите Американски Држави** според Г.Грба, истражувањата во областа на учебникот повеќе се однесуваат на идеолошката проблематика, отколку методската и педагошката страна. Позначајни се истражувањата во врска со проблемите што произлегуваат од читањето на текстот, а со тоа и особеностите на учениците за користење на учебникот. Во тој поглед позначајни се истражувањата на факторите што влијаат на ефикасното читање на учебникот (особено на учебниците од природната група предмети), испитување на читливоста на текстот во зависност од бројот на непознати зборови во него, испитувањето на количините на информациите што учениците ги стекнуваат со примена на учебникот во однос на другите извори на информации.[24] Инаку американскиот автор Ли Кронбах (Lee Cronobach,1955) своевремено не бил задоволен од резултатите емпириските кои и така биле малку, ниту со теоретските проучувања кои според него "не дале резултат ".(Text Materialas in Modern Education, Jllionis,1955)[25]

Истражувањата во областа на учебникарската литература во **Германија** опфаќа научно-стражувачки трудови за функцијата,изработката и примената на учебниците. Како составен дел на овие истажувања во следните сродни подрачја:дидактика,теорија на воспитанијето и примена на наставните средства. Истражувањата се особено интензивни во последните две децении, а се реализираат во соработка со педагошките институти и издавачките куќи. Во тие истражувања се покажале како применливи методите на општите педагошки истражувања:теориска анализа,емпирискиот метод и педагошкиот експеримент.[26]

[24] Маказлиева, Е. (1995)Дидактички компоненти на учебникот, Скопје, стр. 21

[25] Исто тука, стр. 21

[26]Исто тука, стр .21

Во поранешниот **Советски Сојуз** едно од најзначајните теориски прашања во создавањето на учебникарската литература е прашањето за структурата на учебникот и функциите за структурните елементи. Теориски разработеното прашање за структурата на училишниот учебник и функцијата на структурните компоненти станува предмет на бројните епириски и експериментални истражувања на учебниците што се во употреба.[27]

Елементи на вистинското научно интересирање за проблемите на учебникот во **поранешна Југославија** се стретнуваат на почетокот на педесеттите години. Во прв ред тоа е методолошкиот првенец на Тихомир Продановиќ "Прилог во методологијата за изработка на современ учебник" (Педагошка стварност, Нови Сад, 1960 бр.10.). Потоа следува серија научно-стручни трудови и елаборати на Републичкиот завод за унапредување на школството во Хрватска од 1961 до 1967 година, на Секретаријатот за просвета и култура на СИС од 1960 година, на Југословенскиот завод за проучување на школските и просветните прашања од 1964 до 1966 година, на "Школска књига " од Загреб, на Институтот за педагошки истражувања од 1961 до 1968 година, на Заводот за издавање на учебници на Србија и др.[28]

Учебникот иако е старо и познато наставно средство,тој се користи во се посложени услови на педагошка рабода и треба постојано да биде во центарот на истражувањата и новите научни достигнувања. Учебникот е одреден вид книга или основна училишна книга која се вклучува во големиот асортиман на функционални книги чие значење е од големо особено во развиените земји. За поимот учебник, В. Пољак се определува за следните негови обележја:

[27] Исто тука, стр. 21

[28] Исто тука, стр. 21

- учебникот е основна училишна книга, за разлика од останатите како дополнителна и помошна литература во текот на школувањето;

- учебникот е пишуван врз основа на предвидениот план и програма, што не е случај со останатата научна и стручна литература;

- учебникот, скоро секојдневно го употребуваат учениците во своето школување заради образование, односно самообразование, додека останатата литература ја проучуваат повремено и привремено;

-по својата основна намена учебникот треба да биде дидактички обликуван заради пропорционално, пооптимално, поекономично и поефикасно образование, што не важи за останатата литература.[29]

Образложувајќи ја самостојната работа на ученикот во наставатасо учебник и и друг печатен текст, Б. Камчева-Латинска смета дека “ нашите учебници се стремат истовремено да бидат извор на знаења, средства за пренесување на знаењата, формирање и развој на способности и усвојување на методите на издавачката активност по пат на сопствена активност со текстот на учебникот“[30]

Во истражувањата, на современиот учебник, се поаѓа од предпоставката за двојниот карактер на учебникот. Од една страна, учебникот, е **најважен извор на знаења**, односно носител на сожината на образованието, во кој се формираат и објаснуваат основните научни поими, поврзани со наставната програма, а се одредува и обемот на наставниот материјал што треба да се изучи во училиштето. Од друга страна, пак, учебникот претставува **наставно**

[29] Poljak, V., Didaticko oblikovanje udzebnika i prirucnika, str. 29

[30] Лакинска,К. Б.(1992), Самостојна работа на учениците во наставата, Скопје, стр. 55

**средство** кое треба да им помогне на учениците во усвојувањето на наставниот материјал. Учебникот како носител на содржината на образованието, како и на задолжителните активности, предвидени со наставната програма, ги има следниве дидактички функции: **информативна, трансформативна, функција на систематизација, функција на утврдување и самопроверка, интегрирачка, координирачка и развојно-воспитна.**[31]

Да заклучиме книгата е помагало која треба да биди добро подготвена содржински, привлечна за ученикот, да има во неа илустрации, интересни вежби за полесно освојување на материалот, добар дизајн, корелација со другите предмети и сите дидактички елементи.

Учебникот е најбитниот елемент во наставата, иако денес се оди на нов пристап во наставата, таа е вратата на која се отвораат хоризонтите на животот, таа е клучот на знаењето во тврдината на универзумот и сите нови пристапи во наставата изворот повторно го имаат од ***КНИГАТА***.

[31] Маказлиева, Е. (1995),Дидактички компоненти на учебникот, Скопје, стр. 31

# 4. ПРОГРАМСКА ПОСТАВЕНОСТ НА АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК КАКО ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ ВО ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Наставната програма за предметот Албански јазик(како изборен предмет во основните училишта за V-VIII одд), издаедено во 2005 од страна на Министертвото за образование и наука оставено е можност да се третираат повеќе теми со кои би биле интересни за учениците.

## Цел на наставата[32]

(од V-VIII одд.)

Изучувањето на предметот *Албански јазик* ги има овие цели :

- Да развие интерес, љубов и желба за да го запознае, совлада и користи Албанскиот јазик во пракса, како средство за комуникација и знаење како и најкарактеристичен знак на албанскиот идентитет,
- Да напреува и усовршува слушањето, читањето и коректна комуникација усмено и писмено
- Да ги оспособи за употреба на Албанскиот јазик во разни животни околности...

## Задачите се:

- Запознавање степен по степен на Албанскиот јазик и негова употреба;
- Запознавање со поими, содржин граматички правила и правопис на Албанскиот јазик:
- Оспособување на учениците за слушање,читање и пишување;
- Совладување на потребниот фонд на зборови за слободна комуникација во разни ситуации
- Совладување на основните форми на јазично и писмено изразување(расказ, прераскажување, опис, известување...);

[32] Наставна програма Албански јазик (како изборен предмет во ОУ, од V-VIII одд) - БРО, Скопје 2005

- Оспособување на учениците на независен начин да употребуваат литература и различни информации;
- Одгледување на хумани чуства - искреност, љубов кон училиштето и кон работата, љубов кон татковината и другите чобекови морални вредности;
- Едуцирани во духот на мирот и толеранцијата - добрите односи помеѓу народите, етнитети и цивилизации...[33]

## 4.1. НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА АЛБАНСКИ ЈАЗИК ЗА V одд. [34]

Се реализира 2 часа неделно, вкупно 72 часа во годината. Во неа се предвидени разновидни активности за полесно и поприфатливо учење на Албанскиот јазик.

**Оперативните задачи се:**

- Мотивирање на учениците за активно слушање и да се изразуваат на Албански јазик
- Степен по степен совладување на фонолошките делови на Албанскиот јазик и неговите елементи ( акцентот, интонација и правилна артикулација на гласовите);
- Совладување на албанскта азбука и оспособување за писмено изразување на Албански јазик;
- Оспособување на учениците за да поставуваат прашања ид а даваат точни и концизни одговори...;

**Темите кои се третираат во петто одделение се за:**

- Семејството и домот- членовите на семејството, должностите во домот, професиите на членовите на семејствата, домашна хигиена, мебелот, играчки...;

[33] Наставна програма Албански јазик (како изборен предмет во ОУ, од V-VIII одд) - БРО, Скопје 2005

[34] Наставна програма Албански јазик (како изборсн прсдмст во ОУ, од V-VIII одд) - БРО, Скопјс 2005

- Училиштето, училницата, мебелот, наставните средства на учениците и на училиштето, дворот на на училиштето,ситуации во текот на наставата и одморот... ;
- Градот и селото, фамилјарните згради и местата на живеење, патиштата, населбите, парковите, дрвата, цвеќињата...;
- Растенија, појави и природни убавини...;
- Домашни и диви животни;
- Времето: деновите на неделата; месеците и годишните времиња;
- Броење и правоизговарање на броевите до 100;
- Разни празници;
- Претставување пред познати и не познати личности;
- Игри, песни, стихотворби...;
- Усмени вежби: прераскажување на случките, особините на луѓето и предметите, изглед на објекти, молби, заповеди, односување со луѓе...;

Овие теми се опфатени со 72 часа во текот на целата учебна година,додека часовите се расподелени на три дела.

-За делот *ИЗРАЗУВАЊЕ И КРЕАТИВНОСТ*[35] се предвидени 28 часа во кој дел се предвидени содржини за:

- *Слушање* - Вежби за слушање со цел да се препознаат гласовите, употребувајќи разни ситуации

- *Говор* - Вежби за усмено изразување со цел за оспособување за учество во разговор

- *Разговор* - Оспособубање за комуникација учениците како и корелација со другите предмети.

Усменото изразување треба да се развива,збогати и поврзи со ракописното изразување, користејќи методи, форми, и разновидни алатки...

[35] Наставна програма Албански јазик (како изборен предмет во ОУ, од V-VIII одд) - БРО, Скопје 2005

- За делот ***ПОЧЕТНО ПИШУВАЊЕ И ЧИТАЊЕ***[36] се предвидени 25 часа.

Оперативните задачи се:

- Да се оспособи за правилна артикулација на гласовите на Албанскиот јазик;
- Да се оспособи за почтно пишување и читање
- Да се увежбаат учениците за правилно пишување на зборовите и речениците...
- Содржнски треба да се запознаат со:
- со печатните и ракописните букви
- читање на глас на познати и помалце познати текстови
- правопис на буквите и зборовите
- пишување на диктат
- независно писмено изразување: расказ, прераскажување и опишување
- читање во себе.

После запознавањето на учениците со азбуката на Албанскиот јазик, се цели за оспособување на нејзиното пишување и читање за кратко време, користејќи групната работа и глобалананата метода за вежбање на графемите, гласовите, зборовите и речениците карактеристични за Албанскиот јазик. За реализација на програмските содржини потребно е употреба на различни наставни алатки...

За делот на ***ЈАЗИЧНА СОДРЖИНА***[37] се предвидени 19 часа во кој дел се предвидени содржини за:

- Читање и пишување - употреба на интерпукциски знаци ( точка, запирка); пишување на голема буква.

[36] Наставна програма Албански јазик (како изборен предмет во ОУ, од V-VIII одд) - БРО, Скопје 2005

32 Наставна програма Албански јазик (како изборен предмет во ОУ, од V-VIII одд) - БРО, Скопје 2005

- Именување на суштества и предмети

Програмата за петто одделение се реализира во главно преку усмено изразување, слушање, зборување и разговор...потпирајќи се секогаш на темите предвидени со наставната програма.Проширувањето се треба да се направи во согласност со способностите на учениците и само во случаеви кога нивните предснаења го дозволуваат тоа...

Во текот на реализација на содржините предвидени треба да се внимава на артикулација на гласовите карактеристични за Албанскиот јазик, како: y,ë, dh, th...

## 3. 2. НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА АЛБАНСКИ ЈАЗИК ЗА VI одд.[38]

Се реализира 2 часа неделно, вкупно 72 часа во годината. Во неа се предвидени разновидни активности за полесно и поприфатливо учење на Албанскиот јазик.

### Оперативните задачи се:

- Оспособување на учениците со лесни диалози што се поворзуваат со секојдневни ситуации;
- Оспособување за одговор на прашања и да се изразат со 10 - 15 реченици побрзани со опрделени тематски целини;
- Оспособување на јазичните фрекуентни структури со 250 - 300 зборови и нови изрази;
- Поттикнување за креативност во изразување;
- Поттик за навика на употреба на речник и други извори на знаењата;
- Оспособување за понатамошна усмена и писмена комуникација во секојдневниот живот...

[38] Наставна програма Албански јазик (како изборен предмет во ОУ, од V-VIII одд) - БРО, Скопје 2005

## Темите предвидени за наставта во шестто одд. се:[39]

- Време и природа - часови и минути, пикник во природа...;
- Броење до 1000 и правопис на броевите;
- Форми на изразување запознавање, претставување...;
- Барање и давање информации за себето и другите, историски места на околината, природни убавини...;
- Игри, песни, рецитал, гатанки...;
- Училиште: предеметите, распоред на часови, дружење и другари, спортеви, државни и верски предмети, претстави и манифестации.
- Семејство: славење на роденден, славење на семејни празници,верски празници, народни обичаии и традиции, нова година, подароци, покници, летни одмори, зимски одмор...;
- Болести и нивно оздравување - амбуланта, болница, аптека...;
- Општество: историски монумент ии природни убавини на татковината...;
- Секојдневниот живот: ситуации од патувања, посета на фабрики...;
- Одење на театар или кино...

## Во аспект на *КНИЖЕВНОСТА*, оперативните задачи се:[40]

- Збогатување на речникот низ читање на дела по прифатливи на детската книжевност;
- Оспосбување на учениците за разбирање на содржините на текстовите;
- - разлика на темите од одбраните текстови на наставникот...

Сите задачи се реализираат низ разговор, бидејќи овие задачи или слични на нив се обработуваат и по предметот мајчин јазик на ученикот. Во текот на овие

[39] Наставна програма Албански јазик (како изборен предмет во ОУ, од V-VIII одд) - БРО, Скопје 2005

[40] Наставна програма Албански јазик (како изборен предмет во ОУ, од V-VIII одд) - БРО, Скопје 2005

часови акцент се става во оспособувањето на учениците за правилна комуникација усмена и писмена.

Во делот на програмата за *КНИЖЕВНОСТ* се предвидени 28 часа поделени на три дела: Книжевност, Лирика, Епика и Драма.

Учениците ќе се оспособат да читаат разни текстови и да изразат мислења поврзани со нивната содржина, ќе читат лирски песни, ќе читат епска поезија и ќе направаат драматизација на одбрани лесни фрагменти од страна на наставникот...

Во делот ***ЈАЗИЧНА СООДРЖИНА***[41] се предвидени 25 часа во кои **оперативните задачи се:**

- Развивање на љубовта и интерес кон Албанскиот јазик;
- Запознавање со богатството и убавината на Албанскиот јазик;
- Оспособување за редовни конструкции на речениците и употреба на интерпцуските знаци и акцентот;
- Запознавање со различни типови на реченици и зборови;
- Унапредување на право изразување на Албанскиот јазик...

Во содржините е предвидено: Читање на глас (со потребната интонација) на текстовите од читанката и другите текстови.

Точно читање на буквите и гласовите карактеристични за албанскиот јазик.

Во делот ***ИЗРАЗУВАЊЕ И КРЕАТИВНОСТ***[42] предвидени се 19 часа во кои **оперативните задачи се:**

- Оспособување на учениците за слободно и течно изразување на учениците на Албански литературен јазик;

[41] Наставна програма Албански јазик (како изборен предмет во ОУ, од V-VIII одд) - БРО, Скопје 2005

[42] Наставна програма Албански јазик (како изборен предмет во ОУ, од V-VIII одд) - БРО, Скопје 2005

- Будење на чуството за почит кон Албанскиот јазик;
- Одбраните теми од страна на наставникот треба да се во согласност со способностите на учениците.

Содржините предвидени се: Разговор, Расказ, Прераскажување, Опис и Диктат низ кои учениците ќе се оспособаат да разговараат за предвидените теми, да кажуваат работи што се поворзуваат со лични доживувања, со помош на слики, текстови, да прерасакажат со малку зборови слушнатите содржини ( прочитано од наставникот, родителот, радиото или телевизијата), да опишат суштества, предмети и појави од предвидените темата, за правење на разни диктати

## 4.3. НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА АЛБАНСКИ ЈАЗИК ЗА VII одд. [43]

Се реализира 2 часа неделно, вкупно 72 часа во годината. Во неа се предвидени разновидни активности за полесно и поприфатливо учење на Албанскиот јазик.

Во делот на ***КНИЖЕВНОСТ И ЛЕКТИРА*** [44] се предвидени 28 часа, во кои **оперативните задачи се:**

- Оспособување на учениците за независно читање будење на свеста, за доживување на книжевноста за деца;
- Оспособување за слободно искажување на впечатоците за прочитаните текстови прочитани во училница или дома...

Содржините предвидени се од делот на: Книжевност, лириката, епиката и драмата, и лектирата. Учениците ќе обработауваат одбрани текстови, одбрани од страна на наставникот, од читанка, списанија за деца и други извори. Ќе се

[43] Наставна програма Албански јазик (како изборен предмет во ОУ, од V-VIII одд) - БРО, Скопје 2005

[44] Наставна програма Албански јазик (како изборсн прсдмст во ОУ, од V-VIII одд) - БРО, Скопјс 2005

запознаат со нај лесните видови на лирската поезија. Ќе читаат фрагменти од делата и ќе ги анализираат заедно со наставникот.Ќе се оспособат да читаат и да ги искажат своите мислења за 2-3 предвидени лектири од страна на наставникот, пред тоа сработени по предметот мајчин јазик.

ОБЈАСНУВАЊЕ:

- Во текот на изработка на оваа материаа потребно е корелација со предметот мајчин јазик;
- Сите содржини треба претходно да се обработат во предметот мајчин јазик, за да бидат лесни и разбирливи за ученикот...

Во делот **ЈАЗИК** [45]се предвидени 25 часа во кои **оперативни задачи се:**

- Проширување и систематизирање на знаењата за простата реченица и нејзините делови;
- Разбирање за видовите на речениците- менливи и неменливи зборовни групи;
- Функции и форми на менувања;
- Интерпкуциски знаци и акцентот во албанскиот јазик...

Содржините опфатени во овој дел се: Речник и стил, Морфологија и Правопис низ кои учениците ќе се оспособат да именуваат правилно и без грешки состојбите, појавите, дејствата, ќе се запознаат со првото значење на некои зборови, ќе се запознаат со класификација на зборовите и граматичките категории на именките, замениките, придавките...; ќе се запознаат со карактеристиките на именките на неопроделениот род; со категориите на неопределната форма, со поделба на придавките и нивно степенување, видовите

[45] Наставна програма Албански јазик (како изборен предмет во ОУ, од V-VIII одд) - БРО, Скопје 2005

на броеви, со глаголите и нивното менување, со сгашно време на помошните глаголи и со формите на минато и идно време.Ќе се запознаат и оспособат за препознавање на интерпукциските знаци; ќе разликуваат индиректен и директен предмет...

Во делот ***ИЗРАЗУВАЊЕ И КРЕАТИВНОСТ***[46] има 19 часа во кои оперативните задачи се:

- Оспособување на учениците за усмено и писмено изразување, со показни кратки и јасни реченици...;
- Логичен редослед на речениците;
- Оспособување за слободно раскажување и прераскажување...

Темите се:

- Се одбираат теми од секојдневниот живот од семејството и училиште, теми од литературата поврзани со списанијата за деца...

Содржините опфатени во овој дел се: Усмено изразување, Расказ во кои учениците ќе се оспособат да раскажуваат состојби доживеани во семејството, во училиштето, во кино, во татарска претстава, во прво и трето лице.

## 4.4. НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА АЛБАНСКИ ЈАЗИК ЗА VIII одд. [47]

Се реализира 2 часа неделно, вкупно 72 часа во годината. Во неа се предвидени разновидни активности за полесно и поприфатливо учење на Албанскиот јазик.

Во делот **КНИЖЕВНОСТ И ЛЕКТИРА** се предвидени 28 часа во кои оперативните задачи се:

- Оспосубавње на учениците за изразно читање, брзо читање и читање во себе;

[46]Наставна програма Албански јазик (како изборен предмет во ОУ, од V-VIII одд) - БРО, Скопје 2005

[47] Наставна програма Албански јазик (како изборен предмет во ОУ, од V-VIII одд) - БРО, Скопје 2005

- Оспособување за слободно искажување усмено и писмено
- Оспособување за разбирање и прифаќање на пораките на пишаните текстови.

Содржините предвидени во овој дел се: Книжевност, лирика, епиката, драмата и лектирата во кои учениците ќе се оспособат да интерпретираат и анализираат извадоци од текстови од учебници, списанија за деца, и други избори, да ја разберат лирската поезија пишана на Албански јазик, ќе се оспособат да читаат самостојно фрагменти од делата Лирско- епски и драмите. Ќе се оспособат да читаат и да ги искажат своите мислења ( со помош на наставникот) за 2-3 лектири, пред тоа сработени по предметот мајчин јазик.

ОБЈАСНУВАЊЕ:

- Содржини од книжевноста не се од лириката, епиката и драмата како kнижевен жанр, но со текстови соодветни со помош на кои учениците полесно ке можат да го совладат Албанскиот литературен јазик и да се оспособат за да комуницираат на овој јазик на различни животни аспекти...

Во делот **ЈАЗИК** се предвидени 25 часа во кои оперативни задачи се:

- Учениците да добиваат знаења за структурата на проширена реченица во албанскиот јазик;
- Добивање на знаења за сложените реченици, структурата и редот на нејзините делови;
- Да ги препознаат речениците во различни контексти;
- Да се здобијат со знаења со некои граматички знаења на Албаснкиот јазик;
- Да се оспособат за правилно читање и коректно изразување на речениците

Содржините предвидени се: Речник и стил, Синтакса, Морфологија, Фонетика Правоизговарање и Правопис низ кои учениците ќе се запознаат со диалектите на албанскиот јазик, со нако и синоними, хомоними и антоними, со значењето на именките, простите реченици, проширени и сложени, видови на прости реченици , подмет и прирок, додатните делови на речениците, индиректен и директен предмет, да се запознаат со редоследот на речениците, со множината на именките на машки и женски род и неопределениот род на именките, со формите, со придавките, броевите, личните, показните и присвојните заменки, со неправилните глаголи во сегшно време, со прилози и нивните видови, со согласките во албанскиот јазик, звучни и незвучни, со акценот на сложените зборови и туѓите зборови, рравоизговарање на проширени реченици, ќе се оспособат правилно да употребат запирка, и другите интерпукциски знаци во проширените реченици; ќе ги елиминираат грешките во пишување...

Во делот **ИЗРАЗУВАЊЕ И КРЕАТИВНОСТ**[48] се предвидени 19 часа во кои **оперативните задачи:**

- Оспособување на учениците за раскажување, прераскажување и опис;
- Оспособување за врзување на зборовите хронолошки или според значењето;
- Оспособување на учениците за изразување на впечатоци и случки; со јасни и концизни реченици...

[48] Наставна програма Албански јазик (како изборен предмет во ОУ, од V-VIII одд) - БРО, Скопје 2005

## Темите се:

- Теми од секојдневниот живот и семејна работа и во општество; теми извадени од списанија за деца...

Содржините во овој дел се: Усмено изразување и Расказ низ кои учениците ќе се оспособат да раскажуваат состојби доживеани во семејството, во училиштето, во кино, во татарска претстава во прво и трето лице.

***Воглавно*** програмите за изучување на Албанскиот јазик во деветгодишно основно образование се добро осмислени содржински. Наставните програми вклучуваат образовни цели кои делумно промовираат и мултикултурализам и почитување на етничките разлики но не во голема мера. Имајќи предвид дека мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристики на квалитетното образование кое води до подобрување на резултатите на учениците потребно се промени во програмите, да се обезбеди подобра имплементација на принципите на мултикултурализмот во практиката, треба да се внесат содржини кои ќе промовираат интеракција преку претставување на другите етникуми како дел од исти или заеднички случувања, а со тоа и реализација на наставните цели што се однесуваат на прифаќање и почитување на "другите" во мултикултурна и мултиетничка реалност на земјата. Ова значи дека има потреба од редефинирање на програмите според потребата на учениците за полесно изучување и разбирање на Албанскиот јазик. Се опфатени програмските содржини на сите образовно-воспитни подрачја: јазик, читање, литература и лектира, изразување и творење и медиумска култура. Содржината на наставната програма овозможува интегрирано планирање со наставата по предметите: математика, ликовно образование, музичко образование, мајчин јазик, природни науки. Во интегрирано планирање можат да се вклучат соодветни содржини и од другите предмети преку кои учениците осознаваат поими, функции на зборови, го збогатуваат

фондот на зборови, правилното говорење и усното и писмено изразување. Во планирањето на наставната програма се уважува различното тежинско ниво на програмските содржини, поставените цели, потребниот временски рок за реализација и нивоата на постигања се основа на планирањето на наставниот процес. Успешната примена на разновидните методи и покрај личниот напор на наставникот бара наставни програми во кои експлицитно се истакнати новите приоди во поучувањето. Споредувајки ја наставната програма за изборниот предмет изучување на албанскоит јазак со другите наставни програми се констатира дека недостасуваат многу елементи кои секако се доста важни за една современа и ефективна настава, а со тоа и подобри постигања од страна на учениците и остваруване на поставената цел. Затоа се наложува промени во постоечката наставна програма во која освен општите цели потребно е дефинирање на конкретните цели на секое програмско подрачје , поимите кои ученикот треба да ги усвои од наставната содржина, активностите и методите, кои ќе помогнат ориентационо на наставникот за да го осмисли наставниот процес и да изработи квалитетни планирања (глобални, тематски, месечни и дневни), а со тоа да ги постигне поставените цели. Во наставната програма не се дадени и дидактичките препораки, како ориентација и патоказ за успешно остварување на наставниот процес. За остварувањето на настевните цели и содржини во врска се оценувањето (дијагностичко, формативно, макро сумативно и сумативно), наставните средства, просторните услови за реализација на наставниот процес, норматив на наставниот кадар и очекуваните резултати се поврзани и обезбедуваат кохерентност во наставата. Наставната програма за изборен предмет Албански јазик нема претрпено промени од 2005. Се предвидува Албанскиот јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование да се изучува од шесто[49] одделение

[49] http://app.bro.gov.mk/docs/nastaven_plan_devetgodisno.pdf

деветгодишно основно образование, додека програмата започнува од петто одделение што доаѓа во спротиставеност или некомпатибилност помеѓу *Наставниот план* предвиден за учбната година, *Наставната програма* и *Учебникот.*

***НАСТАВЕН ПЛАН ЗА ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ***[50]

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - Изборни предмети[2] | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| - Јазик и култура на Власите[3] | | - | - | - | 1 | 36 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Јазик и култура на Ромите[3] | - | - | - | - | 1 | 36 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Јазик и култура на Бошњаците | - | - | - | - | 1 | 36 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| Творештво | - | - | - | - | - | - | 1 | 36 | 1 | 36 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| - Работа со компјутер[4] | - | - | - | - | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| - Етика на религиите[5] Запознавање на религиите[5] - Класична култура во европската цивилизација[5] | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 | 72 | - | - | - | - | - | - |
| - Други изборни предмети (англиски)[6] | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Албански јазик | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - **Број на изборни предмети** | - | | - | | 1-2 | | 1-3 | | 1-3 | | 1-3 | | 1-3 | | 1-3 | | 1-3 | |
| - **Вкупно часови за изборни предмети** | | | | | 1-3 | | 1-6 | | 1-6 | | 2-6 | | 2-6 | | 2-6 | | 2-6 | |
| - Дополнителна и додатна настава | - | - | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Час на одделенската заедница | - | - | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 |
| - Училиштен хор | 3 часа неделно, односно 108 часа годишно | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| - Училиштен оркестар | 3 часа неделно, односно 108 часа годишно | | | | | | | | | | | | | | | | | |

[1] Овој наставен план се применува и во паралелките со настава на албански, турски и српски јазик.

[2] Училиштето организира изборна настава за изборните предмети за кои се пријавени најмалку 15 ученици од исто одделение (од иста или од различни паралелки).

[3] Учениците припадници на влашката, ромската и бошњачката заедница во согласност со родителите може да го изучуваат влашкиот, ромскиот или бошњачкиот јазик и култура. Учениците кои ќе изберат еден од овие предмети го изучуваат континуирано. Учениците доколку се определат да го изучуваат овој предмет, го изучуваат секогаш како втор, односно трет изборен предмет.

[4] Учениците во III одделение можат (во согласност со родителите) да започнат со изучување на наставниот предмет работа со компјутер. Учениците од IV и V одделение можат да изберат еден од изборните предмети (работа со компјутер или творештво) или во согласност со родителите можат да ги изучуваат двата изборни предмети.

Наставната програма е основен документ кој ги дефинира сите важни елементи на образовниот систем: вредностите, целите, принципите, општите содржини од областа на образованието, методи на процесот на наставата и учењето, мониторинг и евалуација на постигнувањата на учениците и оценување на споредувањето на наставната програма. Во наставните програми треба да се земе предвид фактот дека процесот на

47 http://app.bro.gov.mk/docs/nastaven_plan_devetgodisno.pdf

наставата и учењето треба да биде организиран така што тоа обезбедува многу можности за различни форми на социјална интеракција. Во развој на наставните програми и развојот на модерните учебници мора да се нагласи потребата да се обезбеди можности за децата да користат различни извори на знаење, решавање на проблемите од различни аспекти и перспективи, и секојдневно и одговорно користење на ИКТ. Наставните програми треба да бидат културно чувствителни и да им помогнат на учениците да развијат меѓусебна почит и почитување на различноста, чувство на социјална правда, за да им помогне да развијат сопствениот идентитет и чувство на самопочит и самодоверба. Следење и оценување на напредокот на учениците мора да стане составен дел од наставната програма, со јасна евалуација на различни методи и докази за поддршка во одредени области. Неопходно е да се дефинираат критериумите за оценување, со посебен акцент на формативното оценување и следење и обезбедување на повратни информации на нивните знаења. Акцентот треба да биде ставен на развивање на јасни критериуми за оценување описни избегнување на генерализирана формулацијата (напредува добро владее, итн.). Наставната програма по предметот Албански јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование е показател за понатамошното организирање на целокупната настава за изочување на јазикот поради тоа треба да претрпи промени, за подобро претставување и доближување на ученикот.

# 5. АНАЛИЗА НА УЧЕБНИЦИТЕ ПО АЛБАНСКИ ЈАЗИК КАКО ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ ВО ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Анализата на учебниците по предметот Албански јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование се прави со цел да се увиди содржината на учебникот, можностите што ги дава учебникот за самостојна работа на ученикот, развојните можности, компатибилноста на програмите и содржините, примената на знаења и вештини како и дали ги задоволуваат стандардите на учебници за изучување. За тоа колку учебниците им нудат можност на учениците да изградат позитивен став за припадниците од различните етнички заедници и колку се дидактички обликувани учебниците.

Во анализата на учебниците по предметот Албански јазик (изборен ) во деветгодишно основно образовани од V – VIII одд. е употребена чек - листа за дидактички вреднувања на учебникот.

Учебниците кои се анализираат се :

- ***GJUHA SHQIPE*** për klasën e V (lëndë zgjedhore)- Ismail Hamiti dhe Asllan Hamiti
- (***АЛБАНСКИ ЈАЗИК*** за V одд.-изборен предмет- Исмаил Хамити и Аслан Хамити)
- ***GJUHA SHQIPE*** për klasën e VI (lëndë zgjedhore)- Ismail Hamiti dhe Asllan Hamiti
- (***АЛБАНСКИ ЈАЗИК*** за VI одд.-изборен предмет- Исмаил Хамити и Аслан Хамити)
- ***GJUHA SHQIPE*** për klasën e VII (lëndë zgjedhore)- Ismail Hamiti dhe Asllan Hamiti
- (***АЛБАНСКИ ЈАЗИК*** за VII одд.-изборен предмет- Исмаил Хамити и Аслан Хамити)
- ***GJUHA SHQIPE*** për klasën e VIII (lëndë zgjedhore)- Xhemalaudin Idrizi
- (***АЛБАНСКИ ЈАЗИК*** за VIII одд.-изборен предмет- Џемелаудин Идризи)

## 5.1. Учебникот за петто одделение по предметот Албански јазик од авторите Исмаил Хамити и Аслан Хамити (изборен предмет) во деветгодишно осново образование[51]

Дидактичкото обликување на учебникот е утврдено според следните индикатори:

1). Принципот на поставеност на програмата при изготвување на содржината.

2). Учебникот дава можност за самостојна работа на ученикот!

3). Е соодветен на развојни можности на учениците!

4). Има добра структура на содржините!

5). Дава можност за стекнување на применливи знаења и вештини!

6). Учебникот е компатибилен во однос на програмата и содржините!

7).Учебниците даваат можност за примена на вежбање на знаења и вештини

8 ). Ги задоволуваат стандардите на учебници за изучување на немајчин јазик (странски јазик).

### 1). Принципот на поставеност на програмата при изготвување на содржината

Програмата е показател за припрема на еден учбник, учебникот за петто одделение ги опфаќа површински зададените теми и не доволно се придржува кон нив. Целите и задачите предвидени во програмаат не се доволно опфатени во учебникот и не дава премногу можност за работа. Истотака не се совпѓа наставниот план за деветгодишно образование со наставната програма поради тоа што Албанскиот јазик според наставниот план се изучува од шесто деветгодишно образование додека програмата и учебникот се за петто одделение. Темите кои треба да

[51] Hamiti, A., Hamiti, I. (2006), Gjuhë shqipe për klasën e V (lëndë zgjedhore) , Shkup

( Албански јазик за V одд (изборен предмет-Др. Аслан Хамити-Исмаил Хамити, Скопје, 2006)

бидат опфатени за мотивирањето на учениците за активно слушање и да се изразуваат на Албански јазик, совладување на фонолошките делови на Албанскиот јазик и неговите елементи ( акцентот, интонација и правилна артикулација на гласовите); Совладување на албанскта азбука и оспосбување за писмено изразување на Албански јазик; Распоредот на содржинитеи нивното групирање во учебникот делумно се заснова врз програмата. Со расчленувањето на содржините (наслови, поднаслови, помали делови/единици) не се конкретизира програмата. Програмата за петто одделение се реализира во главно преку усмено изразување, слушање, зборување и разговор...потпирајќи се секогаш на темите предвидени со наставната програма. Проширувањето треба да се направи во согласност со способностите на учениците и само во случаеви кога нивните предснаења го дозволуваат тоа...

*Во текот на реализација на содржините предвидени, треба да се внимава на артикулација на гласовите карактеристични за Албанскиот јазик, како: y,ë, dh, th...* [52]

## 2). Учебникот дава можност за самостојна работа на ученикот

- Учебникот делумно овозможува самостајна работа на ученикот. Изградено е логично и разбирливо групирање на фактите и терминате. Со изложувањето на содржините има одмерени активности за примена на наученето и поттикнување на мотивацијата за учење. Се нудат активности учениците да изберат соодветни активности за решавање на задачи и проблеми. Нема содржини со преголема сложеност или такви кои се изложени на пониско ниво од реалните можности на учениците.

[52]Наставна програма Албански јазик (како изборен предмет во ОУ, од V-VIII одд) - БРО, Скопје 2005

Но сепак недостасуваат доволно вежби за изработка на самостојна работа .

## 3). Е соодветен на развојните можности на учениците

- Ако тргнеме од фактот колку е соодветен на развојните можности на ученикот, може да кажеме дека можеби би требало да се оди полека со усвојување на знаењата т.е најпрвин аудитивно па потоа и писмено да се прогресира. Делумно е соодветен на развојните можности на учениците. Според начнот на изложување на содржините се создава основа за усвојување на основните знаења што се планирани во програмата. Нема доволно прашања, вежби, задачи со различна сложеност за примена на знаењето. Постојат обиди со начинот на разработка на содржините да се поттикнува интересот за учење и размислување за содржините на учебникот. Во некои текстови има активности за размислување и изградување на личен став.

## 4). Има добра структура на содржините

- Структурата на содржините е делумно добра. Текстовите за петто одделение по предметот Албански јазик (изборно) содржиниски се соодветни за разработка и примена на знаењата. Текстовите се еднообразни, парцијални и без продлабочено поврзување со содржините. Нема доволно осмислување на прашања, задачи и вежби за воведување и мотивирање на учениците и нивно самооценување.

## 5). Дава можност за стекнување на применливи знаења и вештини

- Учебникот за петто одделение по предметот Албански јазик(изборен) дава можност на применливи знаења и вештини. Со начинот на разработка на содржините се создава основа за усвојување на основните знаења според наставната програма. Нема интелектуални активности со различна сложеност за разбирање и сфаќање на новите зборови и поими. Со прашањата, задачите, вежбите и другите прилози делумно се потикнуваат активности за решавање на задачи со различна сложеност и

за примена на знаењето. Содржините во одделни текстови се поврзани со сознајни активности за размислување и изградување свој личен став.

## 6). Учебникот е компатибилен во однос на програмата и содржините

- Наставните теми и содржини што се предвидени со наставната програма се економично и рационално разработени во учебникот. Распоредот на содржините и нивното групирање во учебникот се заснова врз наставната програма. Нема наслови и поднаслови издвоени или нагласни за најбитните делови во содржините. Бројот на страниците на учебникот е сообразен со фондот на часовите за овој предмет и одговара на наставната програма. Нафрлени се темите површински. Тематиката на содржините во текстот е делумно усогласена со наставната програма.

## 7).Учебниците даваат можност за примена на вежбање на знаења и вештини

- Во учебникот за петто одделение по предметот Албаснки јазик (изборен) нема доволно избор за вежби на знаења и вештини. Во одредени текстови вежбите даваат можност за поттикнување на сознајниот процес со прегледно и јасно изложување на податоците. Вежбите побудуваат интерес, помагаат за разбирање на текстот како и мотивација на учениците за учење на убавото. Вежбите се соодветни на возраста на учениците и прават осмислена целина на текстот.

## 8). Ги задоволуваат стандардите на учебници за изучување на немајчин јазик ( странски јазик)

- Учебникот за петто одделение по предметот Албаснки јазик (изборен) делумно ги задоволува стандардите за изучување како немајчин јазик. Содржински е компатибилен со наставната програма. Има активности и

задачи за разбирање и сфаќање на поимите и законитостите. Нема содржини со преголема сложеност или теми кои се изложени на пониско ниво од реалните можности на учиниците. Нема доволни илустрации соодветни на текстот за пренесување порака. Учебникот е напишан на стандарден литературен јазик, текстовите се прегледни за учење. Текстовите се сообразени на развојните карактеристики и возраста на ученици. Имајќи ги предвид стандардите како треба да изгледа еден добар учебник, овој учебник опфаќа основни елементи за изучување на еден јазик и не дава голема мотивација кај учениците.

## 5. 2. Учебникот за шесто одделение по предметот Албански јазик од авторите Исмаил Хамити и Аслан Хамити (изборен предмет) во деветгодишно осново образование[53]

Дидактичкото обликување на учебникот е утврдено според следните индикатори:

1). Принципот на поставеност на програмата при изготвување на содржината.

2). Учебникот дава можност за самостојна работа на ученикот!

3). Е соодветен на развојни можности на учениците!

4). Има добра структура на содржините!

5). Дава можност за стекнување на применливи знаења и вештини!

6). Учебникот е компатибилен во однос на програмата и содржините!

7).Учебниците даваат можност за примена на вежбање на знаења и вештини

8 ). Ги задоволуваат стандардите на учебници за изучување на немајчин јазик (странски јазик).

---

[53] Hamiti. A., Hamiti, I. (2006), Gjuhë shqipe për klasën e VI (lëndë zgjedhore), Shkup

( Албански јазик за VI одд (изборен предмет-Др. Аслан Хамити-Исмаил Хамити, Скопје, 2006)

## 1). Принципот на поставеност на програмата при изготвување на содржината

- Програмата е показател за припрема на еден учбник. Во програмата се предвидени содржини за оспособување на учениците со лесни диалози што се поворзуваат со секојдневни ситуации;Оспособување за одговор на прашања и да се изразат со 10 - 15 реченици побрзани со опрделени тематски целини; Оспособување на јазичните фрекуентни структури со 250 - 300 зборови и нови изрази; Поттикнување за креативност во изразување; Поттик за навика на употреба на речник и други извори на знаењата; Оспособување за понатамошна усмена и писмена комуникација во секојдневниот живот...

  Но не се совпѓа наставниот план за деветгодишно образование со наставната програма како и со учебникот. Темите кои треба да бидат опфатени за мотивирањето на учениците за активно слушање и да се изразуваат на Албански јазик, совладување на фонолошките делови на Албанскиот јазик и неговите елементи ( акцентот, интонација и правилна артикулација на гласовите); Совладување на албанскта азбука и оспосбување за писмено изразување на Албански јазик; Оспособување на учениците за да поставуваат прашања и да даваат точни и концизни одговори; не доволно се опфатени во учебникот поради тоа што недостасуваат практични вежби и други наставани помагала. Распоредот на содржинитеи нивното групирање во учебникот делумно се заснова врз програмата. Со расчленувањето на содржините (наслови, поднаслови, помали делови/единици) не се конкретизира програмата.

## 2). Учебникот дава можност за самостојна работа на ученикот

- Учебникот делумно овозможува самостајна работа на ученикот. Изградено е логично и разбирливо групирање на фактите за и терминате. Со изложувањето на содржините има одмерени активности за

примена на наученето и поттикнување на мотивацијата за учење. Се нудат активности учениците да изберат соодветни активности за решавање на задачи и проблеми. Нема содржини со преголема сложеност или такви кои се изложени на пониско ниво од реалните можности на учениците. Но сепак недостасуваат доволно вежби за изработка на самостојна работа . Оспособување на учениците за да поставуваат прашања и да даваат точни и концизни одговори; не доволно се опфатени во учебникот поради тоа што недостасуваат практични вежби и други наставани помагала.

## 3). Е соодветен на развојните можности на учениците

- Учебникот е делумно соодветен на развојните можности на ученикот, може да кажеме дека можеби би требало да се оди полека со усвојување на знаењата. Според начнот на изложување на содржините се создава основа за усвојување на основните знаења што се планирани по програмата. Нема доволно прашања, вежби, задачи со различна сложеност за примена на знаењето. Постојат обиди со начинот на разработка на содржините да се поттикнува интересот за учење и размислување за содржините на учебникот. Во некои текстови има активности за размислување и изградување на личен став.

## 4). Има добра структура на содржините

- Структурата на содржините е делумно добра. Текстовите за шесто одделение по предметот Албански јазик (изборно) содржиниски се соодветни за разработка и примена на знаењата. Текстовите се еднообразни, парцијални и без продлабочено поврзување со содржините. Нема доволно осмислување на прашања, задачи и вежби за воведување и мотивирање на учениците и нивно самооценување. Со насловите не се извлечни битните поими, законитисти, според наставната содржина.

Тематиката на содржините во текстот е усогласена со возраста на децата.

## 5). Дава можност за стекнување на применливи знаења и вештини

- Учебникот за шесто одделение по предметот Албански јазик(изборен) дава можност на применливи знаења и вештини. Со начинот на разработка на содржините се создава основа за усвојување на основните знаења според наставната програма. Нема интелектуални активности со различна сложеност за разбирање и сфаќање на новите зборови и поими. Со прашањата, задачите, вежбите и другите прилози делумно се потикнуваат активности за решавање на задачи со различна сложеност и за примена на знаењето. Содржините во одделни текстови се поврзани со сознајни активности за размислување и изградување свој личен став.

## 6). Учебникот е компатибилен во однос на програмата и содржините

- Наставните теми и содржини што се предвидени со наставната програма се економично и рационално разработени во учебникот. Распоредот на содржините и нивното групирање во учебникот се заснова врз наставната програма. Нема наслови и поднаслови издвоени или нагласни за најбитните делови во содржините. Бројот на страниците на учебникот е сообразен со фондот на часовите за овој предмет и одговара на наставната програма. Тематиката на содржините во текстот е делумно усогласена со наставната програма.

## 7).Учебниците даваат можност за примена на вежбање на знаења и вештини

- Во учебникот за шесто одделение по предметот Албаснки јазик (изборен) нема доволно избор за вежби на знаења и вештини. Во

определени текстови вежбите даваат можност за поттикнување на сознајниот процес со прегледно и јасно изложување на податоците. Вежбите побудуваат интерес, помагаат за разбирање на текстот како и мотивација на учениците за учење на убавото. Вежбите се соодветни на возраста на учениците и прават осмислена целина на текстот. Но не е доволен бројот на вежби во учебникот.

**8). Ги задоволуваат стандардите на учебници за изучување на немајчин јазик ( странски јазик)**

- Учебникот за шесто одделение по предметот Албаснки јазик (изборен) делумно ги задоволува стандардите за изучување како немајчин јазик. Содржински е компатибилен со наставната програма. Има активности и задачи за разбирањеи сфаќање на поимите и законитостите. Нема содржини со преголема сложеност или теми кои се изложени на пониско ниво од реалните можности на учиниците. Нема доволни илустрации соодветни на текстот за пренесување порака. Учебникот е напишан на стандарден литературен јазик, текстовите се прегледни за учење. Текстовите се сообразени на развојните карактеристики и возраста на ученици. Имајќи ги предвид стандардите како треба да изгледа еден добар учебник, овој учебник опфаќа основни елементи за изучување на еден јазик и не дава голема мотивација кај учениците.

## 5. 3. Учебникот за седмо одделение по предметот Албански јазик авторите Исмаил Хамити и Аслан Хамити (изборен предмет) во деветгодишно осново образование[54]

Дидактичкото обликување на учебникот е утврдено според следните индикатори:

1). Принципот на поставеност на програмата при изготвување на содржината.

2). Учебникот дава можност за самостојна работа на ученикот!

3). Е соодветен на развојни можности на учениците!

4). Има добра структура на содржините!

5). Дава можност за стекнување на применливи знаења и вештини!

6). Учебникот е компатибилен во однос на програмата и содржините!

7).Учебниците даваат можност за примена на вежбање на знаења и вештини

8 ). Ги задоволуваат стандардите на учебници за изучување на немајчин јазик (странски јазик).

### 1). Принципот на поставеност на програмата при изготвување на содржината.

- Програмата е показател за припрема на еден учбник, учебникот за седмо одделение ги опфаќа површински зададените теми и не доволно се придржува кон нив. Целите и задачите предвидени во програмата не се доволно опфатени во учебникот и не дава премногу можност за работа. Истотака не се совпѓа наставниот план за деветгодишно образование со наставната програма и учебникот. Темите кои треба да бидат опфатени за мотивирањето на учениците за активно слушање и да се изразуваат на

[54] Hamiti, A., Hamiti, I.(2206), Gjuhë shqipe për klasën e VII (lëndë zgjedhore), Shkup

( Албански јазик за VII одд. (изборен предмет)-Др. Аслан Хамити-Исмаил Хамити, Скопје, 2006

Албански јазик. Оспособување на учениците за независно читање будење на свеста, за доживување на книжевноста за деца; Оспособување за слободно искажување на впечатоците за прочитаните текстови прочитани во училница или дома. Програмата предвидува зајакнување на научените содржини и збогатување со нови знаења.

## 2). Учебникот дава можност за самостојна работа на ученикот

- Учебникот за седмо одделение е оширен со многу непотребни содржини и неадекуатни за ученици кои го изучуваат Албанскиот јазик како немајчин јазик. Нема поврзувањ0е на содржините, прашањата и активностите за одмерено усвојување нови знаења. Содржините не се изложени на разбирлив начин, според научни критериуми со групирање на соодветни факти, поими и др. Со изложувањето на содржините кон површинско учење. Не се исполнети потребите на учениците кои можат да учат побрзо и продлабочено. Изложени се поимии и законитости за кои нема објаснувања за да можат да ги разберат учениците.

## 3). Е соодветен на развојни можности на учениците

- Според начинот на изложување на содржините не се создава основа за усвојување на основните знањеа што се планирани со програмата. Нема доволно прашања вежби, задачи со различна сложеност за разбирање и сфаќање на новите зборови и поими. Нема планирано активности за развивање на способностите за анализа и синтеза. Содржините, прашањата, вежбите не побудуваат интерес за размислување за идеии, пораки и други вредности. Учебникот не победува доволно интерес за учење за разбирање и за сфаќање на значењето на знаењето.

## 4). Има добра структура на содржините

- Структурата на содржините во учебникот за седмо одделение по предметот Албаснки јазик е делумно добро организирано. Распоредот на содржините и нивното групирање во учебникот се заснова врз наставната програма. Со насловите и поднасловите не се извлечени битните поими и законитости. Обемот на учебникот е предимензиониран според бројот на часовите за овој предмет. Тематиката на содржините и целиот текст со другите прилози не е соодветен на возраста на учениците. Текстовите се еднообразни, парцијални и без продлабочено поврзување со содржините. Нема доволно осмислување на прашања, задачи и вежби за воведување и мотивирање на учениците и нивно самооценување. Со насловите не се извлечни битните поими, законитисти, според наставната содржина.

## 5). Дава можност за стекнување на применливи знаења и вештини

- Учбникот за седмо одделение по предметот Албански јазик и книжевност делумно овозможува применливи знаења и вештини . Според начинот на изложување на содржините не се создава основа за усвојување на основните знаења што се планирани со програмата. Нема доволно интелектуални активности со различна сложеност за разбирање и сфаќање на новите зборови и поими. Нема доволно прашања, вежби, задачи со различна сложеност за примена на знаењето. Учебникот не победува интерес за учење со разбирање и за сфаќање на значењето на знаењето.

## 6). Учебникот е компатибилен во однос на програмата и содржините

- Учебникот за седмо одделение по предметото Албански јазик во однос на програмата е делумно компатибилен со содржините. Распоредот на содржините и нивното групирање во учебникот соодвестуваат со наставана програма делумно. Обемот на учебникот е предимензиниран спред бројот на часовите за овој предмет. Тематиката на содржините и

целиот текст со другите прилози не се соодветни за учениците кои го изучуваат Албанскиот јазик како изборен предмет. Содржините се предолги и не јасни и има недосаток на вежбите предвидени во програмата.

**7). Учебниците даваат можност за примена на вежбање на знаења и вештини**

- Во учебникот за седмо одделение по предметот Албасnки јазик (изборен) нема доволно избор за вежби на знаења и вештини. Во одредени текстови вежбите даваат можност за поттикнување на сознајниот процес со прегледно и јасно изложување на податоците. Вежбите побудуваат интерес, помагаат за разбирање на текстот како и мотивација на учениците за учење на убавото. Вежбите се соодветни на возраста на учениците и прават осмислена целина на текстот. Но не е доволен бројот на вежби во учебникот.

**8). Ги задоволуваат стандардите на учебници за изучување на немајчин јазик (странски јазик)**

- Учебникот за седмо одделение по предметот Албаснки јазик (изборен) делумно ги задоволува стандардите за изучување како немајчин јазик. Содржински е компатибилен со наставната програма. Има активности и задачи за разбирањеи сфаќање на поимите и законитостите. Нема содржини со преголема сложеност или теми кои се изложени на пониско ниво од реалните можности на учиниците. Нема доволни илустрации соодветни на текстот за пренесување порака. Учебникот е напишан на стандарден литературен јазик. Текстовите се сообразени на развојните карактеристики и возраста на ученици. Имајќи ги предвид стандардите како треба да изгледа еден добар учебник, овој учебник опфаќа основни елементи за изучување на еден јазик и не дава голема мотивација кај учениците. Не се исполнети потребите на учениците кои можат да учат

побрзо и продлабочено. Изложени се поими и законитости за кои нема објаснувања за да можат да ги разберат учениците.

## 5. 4. Учебникот за осмо одделение по предметот Албански јазик авторот Џемелаудин Идризи (изборен предмет) во деветгодишно осново образование[55]

Дидактичкото обликување на учебникот е утврдено според следните индикатори:

1). Принципот на поставеност на програмата при изготвување на содржината.

2). Учебникот дава можност за самостојна работа на ученикот!

3). Е соодветен на развојни можности на учениците!

4). Има добра структура на содржините!

5). Дава можност за стекнување на применливи знаења и вештини!

6). Учебникот е компатибилен во однос на програмата и содржините!

7).Учебниците даваат можност за примена на вежбање на знаења и вештини

8 ). Ги задоволуваат стандардите на учебници за изучување на немајчин јазик (странски јазик).

### 1). Принципот на поставеност на програмата при изготвување на содржината

- Програмата е показател за припрема на еден учбник, учебникот за осмо одделение ги опфаќа површински зададените теми и не доволно се придржува кон нив. Целите и задачите предвидени во програмата не се доволно опфатени во учебникот и не дава премногу можност за работа. Истотака не се совпѓа наставниот план за деветгодишно образование со

[55] Gjuhë shqipe për klasën e VIII (lëndë zgjedhore) – Dr. Xhemelaudin Idrizi, Shkup, 2006

( Албански јазик за VIII одд. (изборен предмет)-Др. Џемелаудин Идризи, Скопје, 2006

наставната програма и учебникот. Темите кои треба да бидат опфатени за мотивирањето на учениците за активно слушање и да се изразуваат на Албански јазик. Оспосубавње на учениците за изразно читање, брзо читање и читање во себе; Оспособување за слободно искажување усмено и писмено; Оспособување за разбирање и прифаќање на пораките на пишаните текстови. Програмата предвидува зајакнување на научените содржини и збогатување со нови знаења.

## 2). Учебникот дава можност за самостојна работа на ученикот

- Учебникот за осмо одделение е опширен со многу непотребни содржини и неадекуатни за ученици кои го изучуваат Албанскиот јазик како немајчин јазик. Нема поврзување на содржините, прашањата и активностите за одмерено усвојување нови знаења. Содржините не се изложени на разбирлив начин, според научни критериуми со групирање на соодветни факти, поими и др. Со изложувањето на содржините кон површинско учење. Не се исполнети потребите на учениците кои можат да учат побрзо и продлабочено. Изложени се поимии и законитости за кои нема објаснувања за да можат да ги разберат учениците.

## 3). Е соодветен на развојни можности на учениците

- Според начинот на изложување на содржините не се создава основа за усвојување на основните знањеа што се планирани со програмата. Нема доволно прашања вежби, задачи со различна сложеност за разбирање и сфаќање на новите зборови и поими. Нема планирано активности за развивање на способностите за анализа и синтеза. Содржините, прашањата, вежбите не побудуваат интерес за размислување за идеии, пораки и други вредности. Учебникот не победува доволно интерес за учење за разбирање и за сфаќање на значењето на знаењето.

## 4). Има добра структура на содржините

- Структурата на содржините во учебникот за осмо одделение по предметот Албаснки јазик е делумно добро организирано. Распоредот на содржините и нивното групирање во учебникот се заснова врз наставната програма. Со насловите и поднасловите не се извлечени битните поими и законитости. Обемот на учебникот е предимензиониран според бројот на часовите за овој предмет. Тематиката на содржините и целиот текст со другите прилози не е соодветен на возраста на учениците. Текстовите се еднообразни, парцијални и без продлабочено поврзување со содржините. Нема доволно осмислување на прашања, задачи и вежби за воведување и мотивирање на учениците и нивно самооценување. Со насловите не се извлечни битните поими, законитисти, според наставната содржина.

## 5). Дава можност за стекнување на применливи знаења и вештини

- Учбникот за осмо одделение по предметот Албански јазик и книжевност делумно овозможува применливи знаења и вештини . Според начинот на изложување на содржините не се создава основа за усвојување на основните знаења што се планирани со програмата. Нема доволно интелектуални активности со различна сложеност за разбирање и сфаќање на новите зборови и поими. Нема доволно прашања, вежби, задачи со различна сложеност за примена на знаењето. Учебникот не победува интерес за учење со разбирање и за сфаќање на значењето на знаењето.

## 6). Учебникот е компатибилен во однос на програмата и содржините

- Учебникот за осмо одделение по предметото Албански јазик во однос на програмата е делумно компатибилен со содржините. Распоредот на

содржините и нивното групирање во учебникот соодвестуваат со наставана програма делумно. Обемот на учебникот е предимензиниран спред бројот на часовите за овој предмет. Тематиката на содржините и целиот текст со другите прилози не се соодветни за учениците кои го изучуваат Албанскиот јазик како изборен предмет. Содржините се предолги и не јасни и има недосаток на вежбите предвидени во програмата.

## 7). Учебниците даваат можност за примена на вежбање на знаења и вештини

- Во учебникот за осмо одделение по предметот Албаснки јазик (изборен) нема доволно избор за вежби на знаења и вештини. Во одредени текстови вежбите даваат можност за поттикнување на сознајниот процес со прегледно и јасно изложување на податоците. Вежбите побудуваат интерес, помагаат за разбирање на текстот како и мотивација на учениците за учење на убавото. Вежбите се соодветни на возраста на учениците и прават осмислена целина на текстот. Но не е доволен бројот на вежби во учебникот.

## 8). Ги задоволуваат стандардите на учебници за изучување на немајчин јазик (странски јазик)

- Учебникот за осмо одделение по предметот Албаснки јазик (изборен) делумно ги задоволува стандардите за изучување како немајчин јазик. Содржински е компатибилен со наставната програма. Има активности и задачи за разбирањеи сфаќање на поимите и законитостите. Нема содржини со преголема сложеност или теми кои се изложени на пониско ниво од реалните можности на учиниците. Нема доволни илустрации соодветни на текстот за пренесување порака. Учебникот е напишан на стандарден литературен јазик. Текстовите се сообразени на развојните

карактеристики и возраста на ученици. Имајќи ги предвид стандардите како треба да изгледа еден добар учебник, овој учебник опфаќа основни елементи за изучување на еден јазик и не дава голема мотивација кај учениците. Не се исполнети потребите на учениците кои можат да учат побрзо и продлабочено. Изложени се поими и законитости за кои нема објаснувања за да можат да ги разберат учениците.

**ЗАКЛУЧОК:**

Учебниците по предметот Албански јазик (изборен) во девет годишно основно образование не се вклопуваат доволно со предвидените програми. Ако во програмите се предвидува учење преку слушање, вежбање, пишување и реално во нив треба да има вежби за полесно прифаќање и учење но постојат во мал дел од содржините. Текстовите не се во корелација со содржините во наставната програма и со поимите кои се обработуваат. При поставување на задачите за проверка на усвоените знаења нема задачи од различно тежинско ниво и различен вид.

**Пример:** во програмата за петто одделение или шесто се предвидува *тема* за Семејството и домот- членовите на семејството, должностите во домот, професиите на членовите на семејствата, домашна хигиена, мебелот, играчки...; во учебникот Албански јазик за V одд. На стр. 44 и 45 е даден краток текст неколку поими за членовите на семејството и една кратка вежба. Како учебници за ученици кои за првпат се сретнуваат со Албанскиот јазик недостигаат вежби како и други пропратни материјали: визуелни, аудиотвни, работни тетратки или листови за полесно учење. Истотака недостигаат илустрации. Учебниците немаат и добар дизајн и не се привлечни и мотивирачки за учениците. Учебникот за осмо одделение е во црно бело издание само корицата е во боја. Што се однесува до учебниците за петто и шесто одделение донекаде ги

исполнуваат дидактичките концепти за еден добар учебник како и потикнуваат за усвојување на нови знаења. Учебниците за седмо и осмо одделение не се конпатибилни со нивото на возраста на учниците. Текстовите во нив се предолги и не прифатливи. Не нудат привлечност и мотивирање на учениците.

Концептот на наставните програми по предметот Албански јазик (изборен) во деветгодишно основно образование содржи одредени недоследности кои се однесуваат на постоење на нееднинствени критериуми во нивната структура. Содржините треба да имаат дидактичко-методички концепт во кој би се препознале современите пристапи на работа. Истотака треба да има изработка на методски прирачник поединечно за секое одделение за наставницте кои предаваат. На крај на ова анализа вреди и да се напомени и недостатокот или недоволно застапени мултикултурни теми, како посебни и важни одлики во општеството каде што живееме, за да се биде модел со кој би се промовирало мултикултурата.

## 6. РЕЛЕВАНТНО ИСТРАЖУВАЊЕ

*Образованието е фундаментално човеково право. Тоа им пружа на децата, младите и возрасните моќ критички да размислуваат, да прават избор и да си го подобрат животот. Го разбива затворениот круг на сиромаштија и е клучен елемент на економскиот и социјалниот развој.*

(ЕФА, УНЕСКО)[56]

Тргнувајќи од законската регулатива за основното образование во нашата држава се применува заеднички наставен план со програми за задолжителните, изборните и факултативните предмети. Овој начин на програмирање е застапен и во образованието во развиените држави. Исто така, во повеќе наврати од 1996 година се правени измени и дополнувања на наставниот план и наставните програми, а особено познати се обидите за растоварување на наставните програми од преобемни или информативни и помалку значајни содржини што ја зголемуваа психофизичката оптовареност на учениците.

Што се однесува до изборните предмети споредбената анализа покажува дека во училиштата во Данска изборните предмети се застапени во VIII и IX одделение со по 2 часа неделно или со 2,73% од часовите за задолжителните предмети.

Во Финска за изборните предмети се издвојува 3,03% од вкупниот минимален број на часови од I do VI одделение, а изборноста се зголемува за максимум 20 часа или речиси за 28% во однос на вкупниот минимален број на часови во VII и VIII одделение. Во Германија во покраината Баден Виртемберг во училиштата за нижо средно образование учениците кои не го следеле религиското образование го изучуваат предметот етика почнувајќи од VII одделение. Во Словенија заедничко за сите изборни предмети е тоа што за нив учениците се одлучуваат во VII, VIII и IX одделение. Освен странските јазици другите предмети, по правило, се едногодишни. За нив во распоредот има по 1 час неделно, додека за изучувањето на јазиците што ќе ги избере ученикот по 2 часа

[56] Национална програма за развој на образованието во РМ 2005-2015 со придружни програмски документи - МОН, стр.14

неделно. Предметот што ќе го избере ученикот е задолжителен дел од неговиот распоред за училишната настава. Ученикот за изборниот предмет се оценува како и по задолжителните предмети. Во Република Македонија во Наставниот план од I до IV одделение во изборните предмети е задржан првиот странски јазик кој што учениците почнуваат континуирано да го изучуваат од IV одделение во училиштата во кои се создадени услови. Од VI до VIII одделение од учебната 2006/07 година се застапени изборните предмети: албански јазик, техничко образование, основи на природните науки и информатика. Во V или VII одделение учениците избираат најмалку еден предмет, а можат да се определат и за два изборни предмети.[57]

Едно клучно истражување е и истражувањето[58] за мултикултурализмот и меѓу-етничките односи во образованието, kоја ја анализира моменталната состојба и капацитетите на образовниот систем да промовира и обезбедува почитување, толеранција и прифаќање и ги разгледува перцепцијата и нивото на комуникација меѓу учениците, родителите, наставниците Македонци и учениците, родителите и наставниците Албанци. Истражувањето е направено со цел да ја идентификува иницијалната состојба и ќе послужи како основа за активности кои УНИЦЕФ ги планира во образованието, како дел од заедничката ОН програма і Унапредување на меѓуетничкиот дијалог и соработка во ПЈР Македонија, финансирана од Фондацијата милениумски развојни цели. Во земјата е остварен значителен напредок во промоција на правото на образование на различните етнички заедници, особено преку обезбедување образование на мајчин јазик и преку воведување децентрализација, со што етничките заедници, преку локалната власт, добија

[57] Концепција за деветгодишно основно образование- МОН, СКОПЈЕ 2007 стр. 25-26
[58] Студија за мултикултурализмот и меѓустничкитс односи во образованисто-Канцеларија на УНИЦЕФ, Скопје, Ноември, 2009(автор: Виолета Петроска-Бешка )

поголема контрола врз училиштата. Согласно аспирациите за членство во ЕУ/НАТО и определбата за подобрување на квалитетот на образованието, во земјата беа иницирани интензивни реформи во овој сектор. Меѓутоа, и покрај општо прифатените предности на мултикултурализмот во образованието и потребата од подобрување на меѓуетничките односи преку образованието, во училиштата сè позачестени се случаите на поделба по етничка основа.

Истражувањето е спроведено во периодот јуни-октомври 2009 во две фази. Во првата фаза е направен преглед на состојбите во релевантната законска регулатива и стратешките определби, анализирани се наставниот план и релевантните наставни програми и учебници за основното образование, како и официјалните податоци за бројот на училиштата со настава на два и повеќе јазика и за бројот на учениците што учат во нив. Во втората фаза спроведено е теренско истражување во седум од осумте првично планирани основни и средни училишта во општините Куманово, Кичево и Струга. Истражувањето е базирано на резултати добиени со задавање на прашалник и водење фокус групи и интервјуа со ученици, наставници, родители, педагошко-психолошката служба и управата на училиштата. Теренското истражување вклучи само припадници на македонска и албанска етничка заедница затоа што овие две заедници се најбројни во земјата и односите меѓу нив ја определуваат актуелната дебата во врска со меѓуетничките прашања. Истражувањето се соочи со одредени проблеми и тешкотии кои произлегуваат од преодот од осумгодишно во деветгодишно основно образование и се однесуваат на примената на наставните програми и достапноста на учебниците (некои сеуште не се издадени, а некои не беа достапни кога се правеше анализата), како и од неусогласеноста која постои во начинот на евидентирање на повеќе јазичните училишта од страна на Државниот завод за статистика и Министерството за образование и наука, со малиот број средни училишта што одговорија на

прашалникот наменет на сите "мешани" и со недостапноста на едно средно училиште за потребите на теренското истражување. Истражувањето исто така ги разгледуваше и родовите аспекти на мултикултурноста и меѓуетничките односи во образованието и одредени заклучоци и препораки се дадени во прегледот на состојбите. Во теренското истражување не се најдени значајни полови разлики во однос на предметот на истражувањето. Студијата содржи три дела и анекси. **Воведот** ги објаснува причините за спроведување на анализата, нејзините цели и применетата методологија. Во вториот дел детално се презентирани наодите и препораките од **Прегледот на состојбите.** Наодите и препораките од **Теренското истражување** детално се презентирани во третиот дел од анализата. [59]

Од анализата на официјалните податоци за бројот на ученици кои учат на различни наставни јазици и за бројот на училиштата со еден или повеќе наставни јазици спроведена за да се одреди степенот на ***јазично-етничката поделеност во училиштата*** може да се извлечат следниве заклучоци:

1. Во последните 5-10 години, бројот на повеќејазични основни училишта со настава на македонски/или на албански јазик е намален (од 72 на 63), како што е намален и бројот на ученици Македонци и ученици Албанци кои учат во нив, главно заради намалување на наталитетот и иселување.

2. Јазичната поделба во основните училишта води и кон етничка поделба. Најизолирани се учениците Албанци. Дел од учениците Македонци може да имаат припадници на другите етнички групи како соученици бидејќи некои припадници од другите етнички заедници, што не се Албанци, учат на македонски наставен јазик.

[59] Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието-Канцеларија на УНИЦЕФ, Скопје, Ноември, 2009(автор: Виолета Петроска-Бешка )

3. Во добар дел од основните училишта со повеќе наставни јазици вон-наставните активности се организираат одделно, според јазикот на наставата. Има и училишта кои поделбата според јазикот на настава ја воведеле во последните 5-10 години.

Резултатите од Теренското истражување ги потврдуваат загрижувачките тенденции поврзани со ***ограничените можности за комуникација и интеракција во училиштата***[60]:

1) Училиштата во земјата се поделени по етничка/јазична основа. Моделот на паралелизам и поделеност во образовниот систем е попреферирасан во однос на моделот на интеграција кога се работи за споделување на физичкиот простор од страна на учениците, но исто така и кога се работи за вклучување во заеднички активности. Јасно е изразена поделбата на *Ние* наспроти *Тие*.

2) И кај учениците Македонци и кај учениците Албанци се забележува високо ниво на оптовареност (поизразено кај учениците средношколци) со негативни етнички стереотипи и предрасуди за "другиот". Наодите од фокус групите покажуваат дека помалите деца (и Македонци и Албанци) се чувствуваат поуплашени од припадниците на другата етничка група, додека пак поголемите ученици Македонци перципираат позачестени форми на насилство и се чувствуваат позагрозени од "другите" во споредба со нивните врсници Албанци. Меѓу девојчињата и момчињата од иста етничка заедница не постојат разлики во тоа како гледаат на насилството во училиште.

3) Поизразена осетливост за насилство имаат и наставниците и родителите Македонци споредено со наставниците и родителите Албанци.

---

[60]Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието-Канцеларија на УНИЦЕФ, Скопје, Ноември, 2009(автор: Виолета Петроска-Бешка )

Македонците се убедени дека степенот на насилство сега е повисок отколку што бил порано. Одговорноста за постоечката ситуација во училиштата возрасните Албанци и Македонци ја припишуваат главно на политичките влијанија, а многу малку на себе си.

4) И наставниците и учениците изјавуваат дека во рамките на локалната заедница постои подобра комуникацијата и повеќе дружењето со припадници на другата етничка заедница отколку во училиштата. Во училиштата се користат најразлични стратегии за да се оневозможат директни контакти меѓу учениците Албанци и учениците Македонци, кои се состојат во временско или просторно дистанцирање на учениците по етничка линија. Вистинската причина за тоа е да се избегне меѓуетничко насилство, кое е присутно во најразлични форми (од психолошко, па сè до физичко), иако често се наведуваат и други изговори, како што се просторните услови или наследената состојба. Овие состојби во средните училишта се поизразени отколку во основните. Наставниците, барем на декларативно ниво, изјавуваат дека немаат проблем да се засили интеракцијата меѓу учениците Македонци и Албанци преку организирани заеднички активности во училиштето, но не секогаш мислат дека тоа ги подобрува интеретничките односи. Поголема резерва за учество во заеднички активности пројавуваат наставниците Албанци, главно заради јазикот на кој активностите вообичаено се одвиваат. На декларативно ниво, постои соработка меѓу повеќето наставници од двете етнички заедници, која најчесто се состои во извршување на училишните обврски, а многу помалку е иницирана од потребата за професионално поврзување. Соработката е површна, без вистинска интеракција.

Студијата[61] на мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието ја анализира моменталната состојба и капацитетите на образовниот систем да

[61] Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието-Канцеларија на УНИЦЕФ, Скопје, Ноември, 2009(автор: Виолета Петроска-Бешка )

промовира мултикултурализам и да придонесе за подобрување на меѓуетничките односи во земјата. Во последно време, во медиумите и јавниот живот значајно место заземаат извештаите за се поизразената тенденција на поделба по етничка основа во училиштата. Постојат многу истражувања и претпоставки за главните причини на ваквата тенденција кои укажуваат на голем број слабости на национално и училишно ниво. Студијата на мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието вклучува преглед на досегашните наоди и мислења за ваквата состојба, прави преглед на најновите Владини реформи и интервенции и се обидува да даде точна слика на актуелната состојба. Истражувањето исто така служи и како основа за активности планирани од УНИЦЕФ, како дел од заедничката ОН програма і Унапредување на меѓуетничкиот дијалог и соработка", финансирана од Фондацијата Милениумски Развојни Цели. Програмата е насочена кон успешно подобрување на меѓуетничкиот дијалог преку интегриран пристап фокусиран на системски развој на национално и локално ниво, образование и култура, а УНИЦЕФ е задолжен за водење на образовната компонента. Како основа на активностите, спроведеното истражување ги мери:

а) нивото на разбирање, толеранција и почитување на етничкиот и културниот диверзитет во националната образовна политика и наставните планови и програми, како и примената на истото во училиштата;

б) механизмите за демократска партиципација, управувањето и раководењето со училиштата и разрешувањето на конфликти во сите сфери на образовниот сектор во 3 општини*;

в) можностите за интеракција и дијалог во училиштата и заедниците; и

г) меѓусебната перцепција и односите на учениците, семејствата и заедниците со различна етничка и културна припадност, водејќи сметка и за родовата димензија на односите и перцепциите. Во земјата е остварен значителен напредок во зголемување на достапноста на сите нивоа на образование за децата од различните етнички заедници. Особен напредок се забележува во образованието на мајчин јазик, но исто така и во децентрализацијата со која општините се одговорни за управување со училиштата. Наставниот план за основното образование е сменет и ги содржи принципите на мултикултурализмот.

Имајќи предвид дека мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристики на квалитетното образование кое води до подобрување на резултатите на учениците, во наредната фаза на образовните реформи овие елементи треба особено да се нагласат. Учениците во оваа земја прво треба да научат да ги разбираат, прифаќаат и почитуваат разликите во сопствената земја за да се интегрираат во сопственото општество. Потоа тие може да тежнеат кон потполна интеграција во Европското семејство.

Општините Кичево, Куманово и Струга се избрани да бидат дел од заедничката програма на ОН врз основа на големиот број на ученици од различна етничка припадност и бројот на скорешни меѓуетнички инциденти.[62]

[62] Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието-Канцеларија на УНИЦЕФ, Скопје, Ноември, 2009(автор: Виолета Петроска-Бешка )

# ВТОР ДЕЛ

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ:

Предметот на ова истражување Албанскиот јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование е испитан од аспект на:

- Значењето и задачите на Албанскиот јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование.
- Програмаската поставеност на наставата за предмотот албански јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование.
- Дидактичките обликувања(дизајнирања) на учебниците по предметот албански јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование.
- Аспекти на дидактичките конпетенции на наставниците по албански јазик.
- Ставови и мислења на учениците, наставниците, стручна служба и директори за албанскиот јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование.

## 2. Цел и карактер на истражувањето

Основната цел е да се испитат дидактичките аспекти на реализација, организациската поставеност и застапеност на албанскиот јазик како изборен наставен предмет во деветгодишно основно образование како и начинот и застапеноста на реализација на изборниот предмет Албански јазик.

## 3.Задачи на истражувањето

1.Да се испита програмската поставеност на албанскиот јазик како изборен предмет.

2. Да се испитат дидактичките компоненти на учебниците по албански јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование.

3. Да се испитат ставовите и мислењата на наставниците кои го предаваат Албанскиот јазик како изборен и редовен предмет во наставата.

4. Да се испитат ставовите и мислењата на учениците кои го одбрале албаснкиот јазик како изборен предмет.

5. Да се испитат ставови и мислењата на стручната служба и директорите во однос на албанскиот јазик како изборен предмет.

## 4. Хипотези на истражувањето

### Општа хипотеза:

Се претпоставува дека предметот албански јазик како изборен предмет во мултикултурна настава се реализира во оптимални дидактички услови, изразени низ програмаската поставеност, дидактичките вредности на учебниците како и постоење на позитивни ставови на наставниците.

### Помошни хипотези:

Се претпоставува дека:

1. Учебниците по албански јазик како изборен предмет наменети за мултикултурна настава се изработени според современи дидактичките стандарди.
2. Учениците имаат позитивни ставови за изучување на ставови за реализација на Албанскиот јазик како изборен предмет во деветгодишното основно образование.
3. Наставниците имаат позитивни ставови за реализација на Албанскиот јазик како изборен предмет во деветгодишното основно образование.
4. Стручна служба и директори имаат позитивни ставови за реализација на Албанскиот јазик како изборен предмет во деветгодишното основно образование.

## 5. Варијабли на истражувањето

**Независни варијабли:** Дидактичките вредности на учебниците по албански јазик како изборен предмет во мултикултурната настава.

**Зависни варијабли:** Ставови и мислења на наставници и ученици, наставата, како и начинот на организирање на наставата.

## 6.Методи, техники и инструменти на истражувањето

Во истражувањето ќе се користи методот на теориска анализа и дескриптивниот метод. Методот на теориска анализа ќе се користи при анализата на вредноста на учебниците на албанскиот јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование со примена на дескриптивниот метод и теориското прикажување на различните аспекти кои се однесуваат на реализирањето на програмата и организацијата на наставата на изборниот предмет, албански јазик како изборен предмет во мултикултурна настава. Додека дескриптивниот метод ќе се користи при анализата на содржините (документацијата) на учебниците, прашалниците од интервју кои се користеа во истражувањето за наставниците и учениците.

Природата на предметот на истражување не упатува на повеќе техники: анкетирање со цел да се испитат ставовите на наставниците, скала на проценка, содржинска анализа за испитување на дидактичките вредности на учебниците. Како инструменти ќе се користат протокол за проценка со прашања од отворен и затворен вид. Истражувањето има квалитативен и квантиативен карактер. Квалитативниот приод се користи при анализа на дидактичките компоненти на учебниците а квантитаивниот ќе бидат обработени прашалните прашања. Исто така како инструментите кои е посебно изработен за истражувањето е *чек листа за* вреднување на учебниците, *скали на процена* наменети за учениците. Собраните податоци и нивното интерпретирање ќе овозможат откривање на состојбата на наставните програми, процесот на нивна реализација, како и квантитативен и квалитативен приод, при дидактички компоненти на

учебниците, истражување на програмската поставеност, анализа на дидактичките компоненти на учебниците и испитување на мислењата на стручната служба и директори преку интервју, наставниците (делумно) и квалитативен наод при испитување на ставовите на учениците.

## 7. Популација и примерок на истражувањето

Во истражувањето беа опфатени основни училишта во Кичево 6 училишта (ОУ "Санде Штерјоски", ОУ "Фаик Коница", ОУ "Реџ Рушит- Зајази", ОУ "Ѓерѓ Кастроти-Скендербеу", ОУ "Наим Фрашри", ОУ "Милто Гура"), ОУ"Лириа"-Долнени, Струга 6 училишта (ОУ "Браќа Миладиновци", ОУ "Зини Хани", ОУ "Нури Мазари", ОУ "Орхан Џемаили", ОУ "Единство" и ОУ "Ашим Агуши") Гостивар 3 училишта (ОУ"Исмаил Ќемали", ОУ "Фаик Коница", ОУ "Чајле"), Тетово 13 училишта (ОУ "Шемшова", ОУ "7 Марси", ОУ "Рилиндја" ОУ"Еќрем Чабеј", ОУ"Луиѓ Гуракуќи, ОУ"Асдрени", ОУ"Кирил Пејчиновиќ", ОУ"Братство-Миѓени", ОУ "Гоце Делчев", ОУ "Истикбал", ОУ "Лири", ОУ "Кирил и Методиј", ОУ "Наим Фрашри") и Скпоје 9 училишта ( ОУ "7 Марси, ОУ" Бајрам Шабани", ОУ"Хасан Приштина", ОУ"Јашар Беј Шкупи", ОУ"Драга Стојаноска", ОУ"Лирија", ОУ"Васил Главинов", ОУ"Никола Вапцаров", ОУ"Панајот Гиновски") каде што се изучува и не изучува албанскиот јазик како изборен предмет, и испитани 105 наставници кои беа избрани по случаен избор со цел да се добие мислење и став за изучувањето на албанскиот јазик како изборен предмет во деветгодишно основно обарзование.

Беа избрани и ученици од VI-VIII одд. (146 испитаници) што го одбрале албанскиот јазик како изборен предмет, наставници (105 испитаници), што предаваат албански јазик изборен и редовен предмет во наставата како и стручна служба(7 психолози и 7 педагози) и (7) директори.

Примерокот ќе биде прилагоден условено со условите на теренот.

## 8. Статистичка обработка и интерпретација на податоците

Добиените податоци и мислења од популацијата вклучени во истражувањето ќе се средуваат, групираат, табелираат и рангираат и ќе се пресметаат просечни вредности. Пресметана е фреквенцијата и процентуален просек.

## 9. Организација и тек на истражувањето

Првиот чекор пред започнувањето на практичниот дел од истражувањето е обезбедување пристап на теренот. За таа цел баравме согласност од директорите на училиштата. Истражувањето минуваше низ следните фази: собирање на потребните податоци со примена на предвидените техники и инструменти, обработка и анализа на истите, интерпретација и заклучни согледувања. Се работи за истражување, чиј предмет е откривање на состојбата на наставните програми и анализа на учебници на изборниот предмет Албански јазики и процесот неговата реализација. Низ анализа и интерпретација на податоците да се утврди колкав напредок е направен во процесот на нивната изработка и во процесот на нивна реализација, како и прибирање мислења, ставови на професорите и учениците во врска со проблемот што се истражува.

# ТРЕТ ДЕЛ

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## *1. Анализа и интерпретација на резултатите и учебниците по Албански јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование*

***Чек листа (Анализа на учебниците по Албански јазик како изборен предмет во деветгодишно образование)***

| ТВРДЕЊЕ | ДА | НЕ | ДЕЛУМНО |
|---|---|---|---|
| **1). Принципот на поставеност на програмата при изготвување на содржината.** | √ | | |
| **2). Учебникот дава можност за самостојна работа на ученикот.** | | | √ |
| **3). Е соодветен на развојни можности на учениците.** | | | √ |
| **4). Има добра структура на содржините.** | | | √ |
| **5). Дава можност за стекнување на применливи знаења и вештини.** | √ | | |
| **6). Учебникот е компатибилен во однос на програмата и содржините.** | | | √ |
| **7).Учебниците даваат можност за примена на вежбање на знаења и вештини.** | | | √ |
| **8 ). Ги задоволуваат стандардите на учебници за изучување на немајчин јазик (странски јазик).** | | | √ |

**1). Принципот на поставеност на програмата при изготвување на содржината.**

- Програмите се показатели за припрема на учбниците, учебниците површински ги опфаќаат зададените теми и не доволно се придржуваат кон нив. Целите и задачите предвидени во програмаите не се доволно опфатени во учебниците и не даваат премногу можност за работа. Темите кои треба да бидат опфатени за мотивирањето на учениците за активно слушање и да се изразуваат на Албански јазик, совладување на фонолошките делови на Албанскиот јазик и неговите елемент( акцентот, интонација и правилна артикулација на гласовите); Совладување на албанскта азбука и оспосбување за писмено изразување на Албански јазик; Распоредот на содржинитеи нивното групирање во учебникот делумно се заснова врз програмата. Со расчленувањето на содржините (наслови, поднаслови, помали делови/единици) не се конкретизира програмата. Проширувањето треба да се направи во согласност со способностите на учениците и само во случаеви кога нивните предзнаења го дозволуваат тоа. Истотака не се совпѓа наставниот план за деветгодишно образование со наставната програма и учебникот. Програмата предвидува зајакнување на научените содржини и збогатување со нови знаења.

**2). Учебникот дава можност за самостојна работа на ученикот**

- Учебникот делумно овозможува самостајна работа на ученикот. Изградено е логично и разбирливо групирање на фактите и терминате. Со изложувањето на содржините има одмерени активности за примена на наученето и поттикнување на мотивацијата за учење. Се нудат активности учениците да изберат соодветни активности за решавање на задачи и проблеми. Нема содржини со преголема сложеност или такви кои се изложени на пониско ниво од реалните можности на учениците. Но сепак недостасуваат доволно вежби за изработка на самостојна

работа . Оспособување на учениците за да поставуваат прашања и да даваат точни и концизни одговори; не доволно се опфатени во учебникот поради тоа што недостасуваат практични вежби и други наставани помагала. Не се исполнети потребите на учениците кои можат да учат побрзо и продлабочено. Изложени се поимии и законитости за кои нема објаснувања за да можат да ги разберат учениците.

**3). Е соодветен на развојните можности на учениците**

- Ако тргнеме од фактот колку се соодветни на развојните можности на ученикот, може да кажеме дека можеби би требало да се оди полека со усвојување на знаењата т.е најпрвин аудитивно па потоа и писмено да се прогресира. Делумно е соодветен на развојните можности на учениците. Според начнот на изложување на содржините се создава основа за усвојување на основните знаења што се планирани во програмата. Нема доволно прашања, вежби, задачи со различна сложеност за примена на знаењето. Постојат обиди со начинот на разработка на содржините да се поттикнува интересот за учење и размислување за содржините на учебникот. Во некои текстови има активности за размислување и изградување на личен став.

**4). Има добра структура на содржините**

- Структурата на содржините е делумно добра. Текстовите за предметот Албански јазик (изборно) содржиниски се делумно соодветни за разработка и примена на знаењата. Текстовите се еднообразни, парцијални и без продлабочено поврзување со содржините. Нема доволно осмислување на прашања, задачи и вежби за воведување и мотивирање на учениците и нивно самооценување. Со насловите не се извлечни битните поими, законитисти, според наставната содржина.

**5). Дава можност за стекнување на применливи знаења и вештини**

- Учебниците по предметот Албански јазик (изборен) даваат можност на применливи знаења и вештини. Со начинот на разработка на содржините

се создава основа за усвојување на основните знаења според наставната програма. Нема интелектуални активности со различна сложеност за разбирање и сфаќање на новите зборови и поими. Со прашањата, задачите, вежбите и другите прилози  делумно се потикнуваат активности за решавање на задачи со различна сложеност и за примена на знаењето. Содржините во одделни текстови се поврзани со сознајни активности за размислување и изградување свој личен став.  Нема доволно прашања, вежби, задачи со различна сложеност за примена на знаењето. Учебниците не побудуваат интерес за учење со разбирање и за сфаќање на значењето на знаењето.

## 6). Учебникот е компатибилен во однос на програмата и содржините

- Наставните теми и содржини што се предвидени со наставната програма се економично и рационално разработени во учебникот. Распоредот на содржините и нивното групирање во учебникот се заснова врз наставната програма. Нема наслови и поднаслови издвоени или нагласни за најбитните делови во содржините. Бројот на страниците на учебниците се сообразени  со фондот на часовите за овој предмет и одговара на наставната програма. Нафрлени се темите површински. Тематиката на содржините во текстот е делумно усогласени со наставната програма.

## 7).Учебниците даваат можност за примена на вежбање на знаења и вештини

- Во учебниците по предметот Албаснки јазик (изборен) нема доволно избор за вежби на знаења и вештини. Во одредени текстови вежбите даваат можност за поттикнување на сознајниот процес со прегледно и јасно изложување на податоците. Вежбите побудуваат интерес, помагаат за разбирање на текстот како и мотивација на учениците за учење на убавото. Вежбите се соодветни на возраста на учениците и прават осмислена целина на текстот. Но не е доволен бројот на вежби во учебниците.

**8). Ги задоволуваат стандардите на учебници за изучување на немајчин јазик ( странски јазик)**

- Учебникот по предметот Албаснки јазик (изборен) делумно ги задоволува стандардите за изучување како немајчин јазик. Содржински е компатибилен со наставната програма. Има активности и задачи за разбирање и сфаќање на поимите и законитостите. Нема содржини со преголема сложеност или теми кои се изложени на пониско ниво од реалните можности на учиниците. Нема доволни илустрации соодветни на текстот за пренесување порака. Учебникот е напишан на стандарден литературен јазик, текстовите се прегледни за учење. Текстовите се сообразени на развојните карактеристики и возраста на ученици. Имајќи ги предвид стандардите како треба да изгледа еден добар учебник, овие учебници опфаќаат основни елементи за изучување на еден јазик и не даваат голема мотивација кај учениците. Изложени се поими и законитости за кои нема објаснувања за да можат да ги разберат учениците.

**Учебниците** по предметот Албански јазик (изборен) во девет годишно основно образование не се вклопуваат доволно со предвидените програми. Ако во програмите се предвидува учење преку слушање, вежбање, пишување и реално во нив треба да има вежби за полесно прифаќање и учење но постојат во мал дел од содржините. Текстовите не се во корелација со содржините во наставната програма и со поимите кои се обработуваат. При поставување на задачите за проверка на усвоените знаења нема задачи од различно тежинско ниво и различен вид.

**Пример:** во програмата за петто одделение или шесто се предвидува *тема* за Семејството и домот- членовите на семејството, должностите во домот, професиите на членовите на семејствата, домашна хигиена, мебелот, играчки...; во учебникот Албански јазик за V одд. На стр. 44 и 45 е даден краток текст неколку поими за членовите на семејството и една кратка вежба. Како

учебници за ученици кои за првпат се сретнуваат со Албанскиот јазик недостигаат вежби како и други пропратни материјали: визуелни, аудиотвни, работни тетратки или листови за полесно учење. Истотака недостигаат илустрации. Учебниците немаат и добар дизајн и не се привлечни и мотивирачки за учениците. Учебникот за осмо одделение е во црно бело издание само корицата е во боја. Што се однесува до учебниците за петто и шесто одделение донекаде ги исполнуваат дидактичките концепти за еден добар учебник како и потикнуваат за усвојување на нови знаења. Учебниците за седмо и осмо одделение не се конпатибилни со нивото на возраста на учниците. Текстовите во нив се предолги и не прифатливи. Не нудат привлечност и мотивирање на учениците.

Концептот на наставните програми по предметот Албански јазик (изборен) во деветгодишно основно образование содржи одредени недоследности кои се однесуваат на постоење на нееднинствени критериуми во нивната структура. Содржините треба да имаат дидактичко-методички концепт во кој би се препознале современите пристапи на работа. Истотака треба да има изработка на методски прирачник поединечно за секое одделение за наставницте кои предаваат. На крај на ова анализа вреди и да се напомени и недостатокот или недоволно застапени мултикултурни теми, како посебни и важни одлики во општеството каде што живееме, за да се биде модел со кој би се промовирало мултикултурата.

## *2. Анализа и интерпретација на резултатите од скалите на проценка на учениците*

Истражувањето беше спроведено во ОУ "Санде Штерјоски"- Кичево, избран по случаен избор. Беа опфатени 146 испитаници, ученици од 6 паралелки (3 македонски и 3 турски паралелки) од VI – VIIIодд. кои го изучуваат Албанскиот јазик како изборен предмет.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.Изборнот предмет Албански јазик го избиравме по пат на анкетирање од страна на стручната служба на училиштето** | **ЗНАЧАЈНО** | | | | | | **вкупно** | |
| | Незначајно | | Значајно | | Многу значајно | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| | 5 | 3% | 50 | 34% | 91 | 63% | 146 | 100 |
| | **ПРИСУТНО** | | | | | | **вкупно** | |
| | Неточно | | Делумно е точно | | Точно | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| | 3 | 2% | 37 | 25% | 106 | 73% | 146 | 100 |




Од добиените резултати се забележува дека исказот *Изборнот предмет Албански јазик се избира по пат на анкетирање,* како *многу значаен* го проценуваат 91(63%) од опфатените ученици, а како *Точно* во пракса сметаат дека е 106 (73%).

Како *значаен* го проценуваат 50 (34%) од учениците, а *делумно точно* 37 (25%).

*Незначаен* исказот го проценуваат 5(3%) од испитаниците, а дека *не е точно* во пракса проценуваат 3 (2%).

Од ова може да се заклучи дека ова тврдење се проценува како доста значајно над 60 проценти, а изборноста на предметот се проценува дека е присутен во пракса со над 70 проценти.

| **2.Наставата по изборниот предмет Албански јазик е со *интересна* организација** | **ЗНАЧАЈНО** | | | | | | **вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Незначајно | | Значајно | | Многу значајно | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| | 3 | 2% | 26 | 18% | 117 | 80% | 146 | 100 |
| | **ПРИСУТНО** | | | | | | | |
| | Неточно | | Делумно е точно | | Точно | | вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| | 4 | 3% | 22 | 15% | 120 | 82% | 146 | 100 |




Од изнесените податоци во врска со исказот *Наставата по изборниот предмет **Албански јазик** е со интересна организација*, како *многу значаен* го проценуваат 117 (80%) од учениците, *точно* во пракса проценуваат 120 (82%).

Како *значајна* интересна организација на наставата ја сметаат 26 (18%) од учениците, а *делумно точна* во пракса проценуваат дека е 22 (15%) од истите.

Како *незначаен* овој исказ го проценуваат 3 (2%), а како *неточно* проценуваат 4 (3%) од учениците.

Од ова се заклучува дека исказот за *Наставата по изборниот предмет **Албански јазик** е со интересна организација,* се проценува за доста значаен, а истиот е *точен* во пракса со околу 90 %.

| **3.Наставата по изборниот предмет Албански јазик ги задоволи моите првични интереси и очекувања** | **ЗНАЧАЈНО** | | | | | | **вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Незначајно | | Значајно | | Многу значајно | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| | 2 | 1% | 34 | 23% | 110 | 76% | 146 | 100 |
| | **ПРИСУТНО** | | | | | | **вкупно** | |
| | Неточно | | Делумно е точно | | Точно | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| | 1 | 0% | 21 | 15% | 124 | 85% | 146 | 100 |



Исказот за *Исполнетите очекувања и интереси за Албанскиот јазик на учениците,* како многу значаен го проценуваат 110 (76%) од опфатените ученици, а како целосно *точно* го проценуваат 124 (85%) од учениците.

Како значен го проценуваат 34 (23%) ученици, а делумно точно во пракса 21 (15%).

Како незначен 2 (1%) ученици, а деке е не присутен неточно во пракса проценуваат 1 (0%).

Од ова се заклучува дека очекувањата и интересот за предметот Албански јазик се исполнети и се проценува како многу значајна и точна.

| **4.Задоволен/на сум со квалитетот на информации и совети што ги добиваме од наставникот по изборниот предмет** | **ЗНАЧАЈНО** | | | | | | **вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Незначајно | | Значајно | | Многу значајно | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| | 0 | 0% | 12 | 8% | 134 | 92% | 146 | 100 |
| | **ПРИСУТНО** | | | | | | **вкупно** | |
| | Неточно | | Делумно е точно | | Точно | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| | 0 | 0% | 12 | 8% | 134 | 92% | 146 | 100 |




Од прикажаните податоци во врска со исказот *добиениот квалитет на информации и совети од страната на наставникот за изборниот предмет,* се забележува како *многу значаен* исказот го проценуваат 134 (92%) од учениците, а како *точно* во пракса сметаат дека е 134 (92%).

Како *значен* го проценуваат 12 (8%) од учениците, а како *делумно точно* 12 (8%).

Како *незначаен* го проценуваат 0 (0%) од учениците, а *неприсутен* во практичната реализација на наставата овој исказ го проценуваат 0 (0%).

Од овие податоци може да се заклучи дека исказот *Задоволен/на сум со квалитетот на информации и совети што ги добиваме од наставникот по изборниот предмет Албански јазик* е многу значаен и во пракса се проценува како точно.

| 5.Учебниците се интересни и стимулативни и за изучување на Албанскиот јазикот | ЗНАЧАЈНО | | | | | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Незначајно | | Значајно | | Многу значајно | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| | 19 | 13% | 57 | 39% | 70 | 48% | 146 | 100 |
| | ПРИСУТНО | | | | | | вкупно | |
| | Неточно | | Делумно е точно | | Точно | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| | 20 | 14% | 52 | 36% | 74 | 50% | 146 | 100 |



Од прикажаните податоци се забележува дека исказот Учебниције се интересни и стимулативни за изучување на Албанскиот јазикот како *многу значаен* го проценуваат 70 (48%) од учениците, а *точно* во пракса го проценуваат 74 (50%).

Како *значаен* го проценуваат 57(39%) од учениците, а *делумно точно* исказот го сметаат 52 (36%).

Како *не значаен* исказот го проценуваат 19 (13%) од опфатените ученици, а *неточно* 20 (14%).

Овие податоци говорат дека иако се проценуваат како доста значајни, сепак не се многу интерсни и стимулативни во реалниот процес на настава по изборниот предмет Албански јазик (над 50%).

| **6.На час по предметот Албански јазик се применуваат различни наставни форми фронтална, групна, индивидуална, тандемска** | **ЗНАЧАЈНО** | | | | | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Незначајно | | Значајно | | Многу значајно | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| | 5 | 3% | 45 | 31% | 96 | 66% | 146 | 100 |
| | **ПРИСУТНО** | | | | | | **Вкупно** | |
| | Неточно | | Делумно е точно | | Точно | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| | 5 | 3% | 28 | 19% | 113 | 78% | 146 | 100 |




Од прикажаните податоци во врска со исказот за примена на разни наставни средства на часовите по Албански јазик изборен предмет се забележува дека како *многу значаен* исказот го проценуваат 96 (66%) од учениците, а како *точно* во пракса го сметаат дека е 113 (78%).

Како *значен* го проценуваат 45 (31%) од учениците, а како *делумно е точно* во наставата по предметот Албански јазик изборен 28 (19%).

Како *не значаен* го проценуваат 5 (3%) од учениците, а *не присутно(неточно)* во практичната реализација на наставата овој исказ го проценуваат 5 (3%).

Од овие податоци може да се заклучи дека примената на разновидни наставни средства се проценува за доста значајна и во пракса се проценува дека се доволно присутни наставните средства (над 80%).

| 7. Знаењата што ги стекнувам се резултат на организирањо објаснувањето, поттикнување то насочувањето, упатувањето од страна на наставникот. | ЗНАЧАЈНО | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Незначајно | | Значајно | | Многу значајно | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| | 1 | 0% | 25 | 17% | 120 | 83% | 146 | 100 |
| | ПРИСУТНО | | | | | | Вкупно | |
| | Неточно | | Делумно е точно | | Точно | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| | 0 | 0% | 13 | 9% | 133 | 91% | 146 | 100 |



Во врска со прикажаните податоци за исказот дека знаењата се резултат на објаснувањата, поттикнувањата, насочувањата од наставникот, се забележува дека како *многу значаен* овој исказ го проценуваат 120 (83%) од учениците, а како *точно* го проценуваат 133 (91%).

Како *значаен* го проценуваат 25 (17%) од испитаните ученици, а како *делумно точно* 13 (9%).

Како *не значаен* го проценуваат 1 (0%) од учениците, а како *неточно* овој исказ го проценуваат 0 (0%).

Од изнесеното се заклучува дека исказот во врска со тоа дека знаењата се резултат на објаснувањата, поттикнувањата, насочувањата од наставникот се проценува за многу значаен исказ, и истиот е присутен во практичната реализација на наставата по предметот Албански јазик како изборен предмет.

| | ТВРДЕЊЕ / ИСКАЗ |
|---|---|
| 8. Вашите препораки,сугестии за предметот Албански јазик како изборен предмет! | • Албанскиот јазик е интересен и лесен за изучување;<br>• Е многу добар предмет кои ќе ни користи, но учебникот да има повеќе слики и да не е црнобел;<br>• По прифатливи содржин и прилагодени на нашите знаења;<br>• Убаво е да се учи Албанскиот јазик, но учебниците треба да бидат поинтересни,пoсликовити,поинформативни;<br>• Да се изучува и понатака бидејќи е интересен и потребен;<br>• Ми се допаѓа и многу го сакам а и |

| | |
|---|---|
| | наставникот ни предава добро затоа сакам да го учам понатака;<br>• Треба да имаме работни тетратки со кои би вежбале повеќе на јазикот во говор и пишување;<br>• Учебникот за седмо и осмо одделение е е многу тежок и неприфатлив за нас, би било добро да се промени;<br>• Даи ма учебници соодветни на одделението на кое учиме;<br>• Моја препорака е Албанскиот јазик да е задолжителен а не изборен предмет;<br>• Би било убаво да се изучува од трето одделение за да научиме подобро;<br>• Би било убаво да се изучува од петто одделение за да научиме подобро и повеќе од два часа во неделата;<br>• Албанскиот јазик го сакам и сакам да продолжам да го учам и понатака<br>• Изборниот предмет Албански јазик е еден од најинтересните предмети. Книгата е поинтересна од минатата година. На час по Албански јазик се применуваат различни наставни форми, фронтална, групна, тандемска. Изработка на проекти интегрирани Објаснувањата и потикнувањето за знаење од страна на наставникот ми го прават поинтересен овој предмет. Затоа сакам да го учам и понатака. |

Во исказот *вашите препораки, сугестии за предметот Албански јазик како изборен предмет,* се добиени интересни мислења од страна на учениците како и препораки за подобрување на организацијата на наставата и предмотот Албански јазик како изборен предмет.

## *3. Анализа и интерпретација на резултатите на структуиран протокол на интервју со директори и стручни соработници (педагог и психолог)*

Албанскиот јазик како изборен предмет во деветгодишно основно обарзование е новитет кој е вметнат во наставниот процесс. Во ова интервју се опфатени неколку ОУ,значи се интервјуирани 7 директори, 7 психолози и 7 педагози. Се добија овие ставови и мислења за организацијата на предметот Албански јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование.

| *1. Прашања: Директорите и стручната служба го изразуваат своето мислење за предметот Албански јазик (изборен)* | | |
|---|---|---|
| 1.Албанскиот јазик како Изборен предмет треба са се изучува од 6 одд. | • Интервју со дирткторот<br><br>• Интервју со стручна служба | • Потполно се соласувам одговорија 6 испатници (директори), додека 1 одговори дека делумно се согласува.<br><br>•Потполно се соласувам одговориа 6 испатници (педагози), додека 1 одговори дека делумно се согласува<br><br>•Потполно се соласувам одговорија 4 испатници (психолози), 2 одговорија дека делумно се согласуваат, додека еден воопшто не се согласува.. |
| 2. Албанскиот јазик се изучува преку добри наставни содржини | • Интервју со диркторот<br>• Интервју со стручна служба | •Потполно се соласувам одговорија 5 испитаници (директори), додека двајца дека делумно се согласуваат.<br><br>•Потполно се соласувам одговорија 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | | испатници (психолози)<br><br>•(педагози), додека 1 одговори дека делумно се согласува.<br><br>•Потполно се соласувам одговорија 2 испатници (психолози), додека 5 одговорија дека делумно се согласуваат. |
| 3. Потребни се програмски промени за албанскиот јазик како изборен предмет | • Интервју со дирктороот<br><br>• Интервју со стручна служба | • Потполно се соласувам одговорија 5 испитаници (директори), додека двајца дека делумно се согласуваат.<br><br>•Потполно се соласувам одговориа 5 испатници (педагози), 2 одговорија дека делумно се согласуваат додека еден воопшто не се согласува.<br><br>•Потполно се соласувам одговориа 2 испатници (психолози), додека 5 одговорија дека делумно се согласуваат. |
| 4. Доволно се два часа неделно за изучување на Албанскиот јазик | • Интервју со дирктороот<br>• Интервју со стручна служба | •Потполно се соласувам одговорија 5 испитаници (директори), додека двајца дека делумно се согласуваат.<br><br>•Потполно се соласувам одговорија 5 испатници (педагози), додека 2 одговорија |

| | | |
|---|---|---|
| | | дека делумно се согласуваат.<br><br>•Потполно се соласувам одговориа 4 испатници (психолози), 1 одговори дека делумно се согласува додека 2 воопшто не се согласуваат. |
| 5.Дипломираните професори по Албански јазик се доволно компетентни за предавање на предметот Албански јазик како изборен предмет | • Интервју со диркторот<br><br>• Интервју со стручна служба | • Потполно се соласувам одговорија 5 испитаници (директори), додека двајца дека делумно се согласуваат.<br><br>•Потполно се соласувам одговориа 7 испатници (педагози).<br><br>•Потполно се соласувам одговориа 4 испатници (психолози), 2 одговорија дека делумно се согласуваат додека 1 воопшто не се согласува. |

Во тврдењата и исказите на директорите како и стручната служба може да се заклучи дека нивните ставови се скоро исти, се согласуваат да се изучува Албанскиот јазик како Изборен предмет треба да се изучува од 6 одд. Во второто тврдење Албанскиот јазик се изучува преку добри наставни содржини исто така поголемиот број од испитаниците потполно се согласуваат. Во тврдењата Потребни се програмски промени за албанскиот јазик како изборен предмет, Доволно се два часа неделно за изучување на Албанскиот јазик, Дипломираните професори по Албански јазик се доволно компетентни за предавање на предметот Албански јазик како изборен предмет,

| | | |
|---|---|---|
| се согласуваат потполно поголмиот број на испитаници. Од овие искази се утврдува дека и директорите и стручната служба имаат позитивни ставови за изучувањето на Албанскиот јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование. | | |
| ***2. Отворени прашања за директори и стручна служба околу реализацијата на наставниот предмет Албански јазик изборен.*** | | |
| 6. Потешкотите со кои се соочувате во реализација на предметот албански јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование! | • Интервју со дирктmorот<br><br>• Интервју со стручна служба | • Касно е шесто одделение, учениците да започнат со изучување на основните работи кога се знае дека албанскиот јазик е многу комплексен јазик.<br><br>• Дидактички недостатоци, употреба на информатичка технологија.<br><br>• Да се воведат дополнителни содржин ии материјали.<br><br>• Отпор од страна на родителите, недоволна мотивација кај учениците.<br><br>•Не се соочуваме со проблем, меѓутоа во паралелките кои учат на македонски јазик досега никој немат прифатено да го изучуват овој предмет иако е предложен за да го бираат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Еден од најбитните е недостатокот на добри учебници, прирачници и други стручни материали.<br><br>• Пожелно би било да се вметнат дополнителни материали за работа. Работни листови, ЦД со што би се олеснила наставата и истата би била поинтересна и примамлива за учениците.<br><br>• Надминување на бариерите, убедувањето на родителите, учениците и наставниците за да се изучува албанскиот јазик како изборен предмет.<br><br>• Влијание на средината, предрасуди недоволна заинтересираност.<br><br>• Програмата да се прилагоди на возраста и психовизичките способности на учениците.<br><br>• Е дискутабилно колку предавачот ја познава културата на другиот етнитет за да им го предава албанскиот јазик.<br><br>• Како изборен предмет претставува потешкотии за македонските паралелки. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. Дидактичките препораки за поуспешна реализација на Албанскиот јазик како изборен предемет во деветгодишно основно образовани! | • Интервју со диркторот<br>• Интервју со стручна служба | • Употреба на посоодвенти методи и форми на поефикасна работа, со главен услов за успешна реализација на наставната програма на Албанскиот јазик како изборен предмет.<br><br>• Воведување на ИКТ како и уптреба на училишни текстови од Албанија и Косово.<br><br>• Да се понудат повеќе учебници како би постоел слободен избор од страна на наставникот.<br><br>• Измени во наставниот план и програма, нови учебници како обуки за наставници реализатори.<br><br>• Треба да се направат потребни примери со обуки и семинари<br><br>•Да се изврши комплетна ревизија на учебникот.<br><br>• Содржините предвидени за реализација да се адаптират на возраста, способностите и множностите на учениците.<br><br>• Употреба на дидактички наставни средства. Професионална литературе, разни |

| | | |
|---|---|---|
| | | илустрации поврзани со наставните теми, предавања конкретно и јасно.<br><br>• Соодветни дидактички помагала (видео клипови, презентации, истражувања, мултиетничка интеграција на наставните содржини).<br><br>• Поголема нагледност, користење на аудио-визуелни средства.<br><br>• Јазикот да се изучува практично, сликовито, преку игра и конверзација.<br><br>• Присбособување на оние учебници на кои што предметот на албанско јазик не им е мајчин јазик. |
| 8.Што мислите за постигањето на учениците со изучување на албанскиот јазик како изборен предмет? | • Интервју со диркторот<br>• Интервју со стручна служба | • Во зависност од волјата на влегување на учениците на час ќе следува резултат на нивните постигнувања.<br><br>• Солидни се постигањата ако се земе предвид дека албанскиот јазик не им је мајчин јазик на учениците.<br><br>• Постигањата делумно задоволуваат, потребни се обуки за наставниот кадар и изразувањеодносно зголемување на на |

| | | |
|---|---|---|
| | | мотивацијата кај учениците за изразување на поголем интерес за изучување на албанскиот јазик.<br><br>• Постигањата на учениците за изучување на Албанскиот јазик како изборен предмет се многу значајни за нашата држава мултикултурна.<br><br>• Треба да се анализираат резултатите ид а се превземат соодветни мерки.<br><br>• Учениците имаат придобивка со изучувањето на јазицитебидејќи е доблест на интелегентните личности.<br><br>• Генерално сме задоволни но секогаш може уште повеќе подобро од тоа.<br><br>• Постигањат на учениците е на ниво бидејќи нивната заинтересираност е многу голема бидејќи им је потребно во секојдневниот живот.<br><br>• Овозможува поуспешна интеграција во мултиетничка средина, за познавања на културата на народот чиј јазик се изучува и повисок степен на мултиетничка толеранција. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Солидни знаења за основно разбирања и комуникација.<br><br>• Со воведување на јазикот полесно би им било на учениците од другата националност. |
| 9. Учебниците по албански јазик дали ги задоволуваат дидактичките стандарди? | • Интервју со дирктороот<br>• Интервју со стручна служба | • Не, треба да се усогласат учебници за поефикасно учење.<br><br>• Не ги исполнуваат.<br><br>• Не ги задоволуваат, потребни се модуларизации на програмата и практични вежби.<br><br>• Треба да се истражува ид а се работи повеќе со помош на експертите на албанскиот јазик.<br><br>• Делумно.<br><br>• Во иднина се надеваме дека ќе бидат поинтересни ид а следат промени.<br>• Ги задолуваат дидактичките стандарди.<br>• Дидактичките стандарди не ги задоволуваат, стилот е тежок без примери ка конверзација. |

**Заклучок:**

Во ставовите со ***потешкотите*** со кои се соочуваат во реализација на предметот албански јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование се увидени овие потешкотии: Отпор од страна на родителите, недоволна мотивација кај учениците, некаде каде е што понуден во македонските паралелки никој го нема прифатено. Истотака недостаток на добри учебници, прирачници и други стручни материали. Работни листови, ЦД со што би се олеснила наставата и истата би била поинтересна и примамлива за учениците. ***Дидактичките препораки*** *за поуспешна реализација на Албанскиот јазик како изборен предемет во деветгодишно основно образовани*е се: Употреба на посоодвенти методи и форми на поефикасна работа, понуда на повеќе учебници како би постоел слободен избор од страна на наставникот. Измени во наставниот план и програма, нови учебници како и обуки за наставници реализатори. Содржините предвидени за реализација да се адаптират на возраста, способностите и можностите на учениците. Соодветни дидактички помагала (видео клипови, презентации, истражувања, мултиетничка интеграција на наставните содржини). Како и изучување на јазикот практично, сликовито, преку игра и конверзација.

За **постигањето на учениците** со изучување на албанскиот јазик како изборен предмет испитаниците наведоа неколку ставови: Солидни се постигањата ако се земе предвид дека албанскиот јазик не им је мајчин јазик на учениците. Постигањата делумно задоволуваат, но потребни се обуки за наставниот кадар и изразувањеодносно зголемување на на мотивацијата кај учениците за изразување на поголем интерес за изучување на албанскиот јазик. Постигањата на учениците е на ниво бидејќи нивната заинтересираност е многу голема бидејќи им је потребно во секојдневниот живот. Овозможува поуспешна интеграција во мултиетничка средина, за познавања на културата на народот чиј јазик се изучува и повисок степен на мултиетничка

толеранција. За **дидактичките стандарди** на учебниците по албански јазик скоро кај сите испитаници е ставот дека учебниците делумно ги задоволуваат или воопшто не ги задоволуваат дидактичките стандарди . Ова ни е показател дека треба да се направи промени на учебниците .

## 4. Анализа и инетрпретација на резултатите од Анкетата направена со наставниците

Со ова истражување се добија сознанија, околу ставовите и мислењата за воведуваањето на Албанскиот јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование во неалбанските паралелки. Во текот на истражувањето беа опфатени 105 наставници кои го предаваат Албанскиот јазик као изборен предмет и професори кои го предаваат задолжително овој предмет, во 5-те градови. Беа утврдени следните резултати:

| **1.Албанскиот јазик како Изборен предмет треба да се изучува од 6 одд.** | **ТВРДЕЊЕ / ИСКАЗ** | | | | | | **вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воопшто не се согласувам | | Делумно се согласувам | | Потполно се согласувам | | | |
| | f | % | F | % | f | % | f | % |
| | 13 | 12% | 25 | 24% | 67 | 64% | 105 | 100% |




Од резултатите може да се забележи дека најголем дел од испитаните наставници 67 (64%), проценуваат дека *потполно се согласуваат* да се изучува Албанскиот јазик како изборен предмет во девет годишно основно обаразование.

За изучувањето на Албанскиот јазик како изборен предмет од 6 одделение, *делумно се согласувам*, проценуваат 25 (24%) од наставниците.

*Воопшто не се согласувам* за изучување на албанскиот јазик од 6 одд. проценуваат 13 (12%) од наставниците..

Ова укажува дека значаен дел од анкетираните наставници се согласуваат и имаат позитивен став за изучувањето на Албанскиот јазик како изборен предмет од 6 одд.

| **2.Албанскиот јазик се изучува преку добри наставни содржини** | **ТВРДЕЊЕ / ИСКАЗ** | | | | | | **вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воопшто не се согласувам | | Делумно се согласувам | | Потполно се согласувам | | | |
| | f | % | f | % | F | % | f | % |
| | 10 | 10% | 40 | 38% | 55 | 52% | 105 | 100% |




Од добиените податоци се забележува дека 55 (52%) од анкетираните наставници проценуваат дека *потполно се согласуваат* дека Албанскиот јазик се изучува преку добри наставни содржини.

*Делумно се согласувам,* за наставните содржини се изразиле 40 (38%) од наставниците.

Дека се употребуваат добри наставни содржини по предметот Албаснкиот јазик *воопшто не се согласуваат* со ова тврдење 10 (10%) од испитаниците.

Од изнесените податоци може да се забележи дека процентот над 50% од испитаниците се согласуваат дека Албанскиот јазик се изучува преку добри наставни содржини, 40 % делумно се согласуваат, додека 10% воопштон е се согласуваат. Ова ни укажува дека наставните содржини не се толку добри и дека треба да се ревидираат со содржини кои ќе се усогласат со нивото на сфаќањата на учениците.

| **3.Потребни се програмски промени за албанскиот јазик како изборен предмет** | **ТВРДЕЊЕ / ИСКАЗ** | | | | | | **вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воопшто не се согласувам | | Делумно се согласувам | | Потполно се согласувам | | | |
| | f | % | f | % | F | % | f | % |
| | 7 | 6% | 46 | 44% | 52 | 50% | 105 | 100% |




Од добиените податоци се забележува дека најголем дел од опфатените наставници 52 (50%) проценуваат дека *потполно се согласуваат* за потребата на промена на програмите по Албаснки јазик. За овој сегмент промени на програмите по предметот по Албански јазик, делумно се согласуваат 46 (44%) од наставниците, а *воопшто не се согласуваат* 7 (6%).

Овие податоци генерално говорат дека голем дел од наставниците се согласуваат дека треба да се направат програмски промени по предметот Албански јазик.

| **4.Доволно се два часа неделно за изучување на Албанскиот јазик** | **ТВРДЕЊЕ / ИСКАЗ** | | | | | | **вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воопшто не се согласувам | | Делумно се согласувам | | Потполно се согласувам | | | |
| | f | % | f | % | F | % | f | % |
| | 21 | 20% | 55 | 52% | 29 | 28% | 105 | 100% |




Од добиените податоци може да се забележи дека најголем дел од опфатените наставници 55 (52%) проценуваат дека *делумно се согласуваат* дека доволно се два часа неделно за изучување на Албанскиот јазик. Со овој исказ потполно се согласуваат 29 (28%) од наставниците. Додека 21 (20%) воопшто не се согласуваат). Од овие податоци може да се забележи дека поголем дел (над 50%) од испитаните наставници сметаат дека не се доволно два часа неделно за изучување на Албаснскиот јазик како изборен предмет.

| **5.Дипломирании е професори по Албански јазик се доволно компетентни за предавање на предметот Албански јазик како изборен предмет** | **ТВРДЕЊЕ / ИСКАЗ** | | | | | | **вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воопшто не се согласувам | | Делумно се согласувам | | Потполно се согласувам | | | |
| | f | % | f | % | F | % | f | % |
| | 0 | 0% | 30 | 29% | 75 | 71% | 105 | 100% |




Од прикажаните податоци се забележува дека исказот дипломираните професори по Албаснки јазик се доволно компетентни за предавање на Албански јазик како изборен предмет потполно се согласуваат 75 (71%) од наставниците, *делумно се согласуваат* 30 (29%), додека воопшто не се согласуваат 0(0%).

Земено во целина се проценуваат како доста значајно, дипломираните професори по Албаснки јазик се доволно компетентни за предавање на Албански јазик како изборен предмет за реализирање и изведување на наставата.

**Ставови и мислења на наставници околу организрањето на Албанскиот јазик како изборен предмет во девет годишно основно образование**

| | |
|---|---|
| **2.Наведете ги потешкотите со кои се соочувате во реализација на предметот албански јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование.** | • Постојат предрасуди кај родителите и наставниците па со тоа и спречуваат јазикот да биде одбран од страна на учениците.<br>• Потешкотии се појавуват, бидејќи Албанскиот јазик е стар јазик и граматиката е потешка за разбирање.<br>• Наставни средства, добар наставен план.<br>• Поголема пречка е политизирање на наставата.<br>• Главна пречка е носење на законот со кои учениците от неалбанските паралелки требат да го изучуват албанскиот јазик како задолжителен предмет а не како изборен.<br>• Изговарање и право изговарање на гласовите Th, Dh, Y.<br>• Недостаток на добри наставни содржини како и недостаток на советник по алабнски јазик.<br>• Поголемите потешкотии сепојавуваат во делот на граматиката бидејќи не е исто со македонскиот јазик.<br>• Потешкотите се елиминираат со работа, колку повеќе се работи со учениците толку помалку има потешкотии.<br>• Употреба на разни дидактички методи и форми.<br>• Изучувањето на албанскиот јазик како изборен предмет од другите етнитети треба да се среди од МОН. Етничките бариери се главна причина што ја |

| | |
|---|---|
| | спречуваат ова активност. Искрено ангажирање на советниците би помогнале во овој процес.<br><br>• Потешкотии помеѓу ученици и родители нема но тие се појавуват во Бирото за развој на образование во однос на прогарамите, книгите како и недифинирање на предметот како сериозен проблем.<br><br>• Наставниците треба да имаат добро познавање на албанскиот и македонскиот јазик, како и да знаат да понудат добри познавања за јазикот од културата на албанците. Кабинет, соодветни книги, правописен речник.<br><br>• Повеќе објаснувања да има во вежбите со превод, преимери за полесно работење, обемот на градиото што треба да се совлада да биде пократок.<br><br>• Недоволна припрема на кабинетите со визуелни средства како и недоволно усовршување на програмата. |
| **3.Дидактичките препораки за поуспешна реализација на Албанскиот јазик како изборен предемет во деветгодишно основно образование.** | • Добра наставна програма, содржина што се совпаѓа со наставната програма, соодветни наставници за предавање на предметот албански јазик.<br><br>• Треба посебни програмски помагала кои ќе помогнат во предзнаењата на учениците.<br><br>• За поуспешна реализација на албанскиот јазик кај неалбанците треба да се обратите на текстовите на странските јазици (англиски, германски) што значи дека тектовите треба во содржина да имаат повеќе изрази за комуникација.<br><br>• Потребни се соодветни текстови и да му се придаде важност на комуникацијата отколку на читање и |

| | |
|---|---|
| | интерпретација.<br>• Да се започне со изучување на албанскиот јазик порано од VI одделение и со повеќе часови, на пр. 3 часа неделно.<br>• Да се знае јазикот на детето и програмата да е адаптирана според возраста.<br>• Соодветни дидактички помагала, видео клипови, презентации, интегрирани мултиетнички наставни содржини.<br>• Да се подготви материал за изучување на албанскиот јазик за полесно разбирање и комуникација , со тоа што ќе се подготви еден прирачник соодветен за учениците неалбанци.<br>• Предлагам да се има семинари и обуки за наставници за поуспешна реализација на албанскиот јазик како изборен предмет и повеќе од два часа неделно.<br>• Работни тетратки, вежби за комуникација и практична работа.<br>• Добро објаснување на употребената терминологија во учебниците.<br>• Аутовизуелни и визуелни помагала.<br>• Употреба на интернет настава.<br>• Практични работилници-симулации, заеднички |

| | |
|---|---|
| | активности со учници од албански ученици (спорт, истражувања, екскурзии).<br>• Да се употребат нови наставни средства како и ИКТ во наставата.<br>• Припрема на нов наставен план и програма од БРО со одговорни и искусни методичари, подготовка на кабинети за изучување на јазици онака како што е во развиениот свет.<br>• Усогласување на наставните програми, учебниците и наставниот план. |
| **4. Што мислите за постигањето на учениците со изучување на албанскиот јазик како изборен предмет** | • Можности да се запознаат со албанскиот јазик и неговата важност, за полесно комунцирање.<br>• Имаат постигнато добар успех по овај предмет.<br>• Со учењето на албанскиот јазик од неалбанските ученици се постигнува повеќе влијание во запознавање на албанската култура и заедничка комуникација.<br>• Постигнувањата се големи бидејќи на директен начин се употребува во секојдневниот живот.<br>• Постигнувањата на учениците по предметот албански јазик се нивните проширувања на знаења и запознавање на алабнската книжевност. |

| | |
|---|---|
| | • Интеграција во мултиетничка средина, запознавање со културата на народот чиј јазик се изучува со повисок степен на мултиетничка толеранција.<br>• Може да се постигне и повеќе ако наставникот се залага за доближување на предметот алабнски јазик кон ученикот бидејќи на почеток тие имаат предрасуди дека албанскиот јазик е тежок. |
| **5. Учебниците по албански јазик дали ги задоволуваат дидактичките стандарди?** | • Не ги задоловуваат, треба учебниците да бидат подобри.<br>• Треба да се направат нови учебници за изучување.<br>• Учебниците од V и VI одделение до некаде ги исполнуваат а за VII и VIII воопшто.<br>• Делумно да, но недостигаат многу елементи во книгите по алабнски јазик, како илустрации и други недостатоци, лекции несоодветни со возраста.<br>• Има потреба за ревидирање на учбниците бидејќи не се стандардизирани.<br>• Да, но може да бидат посликовити со нудење на интересни содржин за дадената возраст.<br>• Учебниците ни најмалку не ги задоволуват дидактичките стандарди, недоволно се методички-дидактички анализирани за соодветноста на изучувања на албанскиот јазик кај ученици што првпат учат албански јазик. |

Од дадените искази од страна на наставниците може да се забележи дека голем број од нив имаат позитивен став околу изучувањето на албанскиот јазик како изборен предмет во девет годишно образование. Но во голем број од наставниците се согласуваат, што се однесува до наставната програма и учебниците дека треба да претрпат промени и да се усогласат со возраста на учениците, да бидат поинтересни и да ги задоволат дидактичките стандарди.

# ЧЕТВРТИ ДЕЛ

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

## IV. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Мултикултурата и интегрираното образование се важен дел од денешните програми за унапредување и усовршување на наставата. Еден елемент од оваа важност е и Албанскиот јазик како изборен предмет во неалбанските паралелки. Предмет на ова истражување беше да се испитат дидактичките аспекти на реализација, организациската поставеност и застапеност на албанскиот јазик како изборен наставен предмет во деветгодишно основно образование како и начинот и застапеноста на реализација на изборниот предмет Албански јазик. Низ истражувањето и применетите техники се настојуваше да се согледа колку статусот на изборниот предмет Албански јазик, почнувајќи од наставните програми како документи до реалниот процес на изведување на наставата дава можност за креативно, современо и интересно планирање и реализирање на наставата од страна на наставниците како и понудените содржини дали ги исполнуваат дидактичките стандарди и концепти за мотивирање и продлабочувањето на интересите на учениците за предметот Албански јазик и неговото бирање.

Поконкретно беа анализирани: Програмаската поставеност на наставата за предмотот албански јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование. Дидактичките обликувања(дизајнирања) на учебниците по предметот албански јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование. Аспекти на дидактичките конпетенции на наставниците по албански јазик. Ставови и мислења на учениците, наставниците, стручна служба и директори за албанскиот јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование.

Како резултат на целокупната работа дојдовме до овие сознанија:

**Програмите** за изучување на Албанскиот јазик во деветгодишно основно образование се добро осмислени содржински. Наставните програми вклучуваат

образовни цели кои делумно промовираат и мултикултурализам и почитување на етничките разлики но не во голема мера. Да се обезбеди подобра имплементација на принципите на мултикултурализмот во практиката, треба да се внесат содржини кои ќе промовираат интеракција преку претставување на другите етникуми како дел од исти или заеднички случувања. Ова значи дека има потреба од редефинирање на програмите според потребата на учениците за полесно изучување и разбирање на Албанскиот јазик. Се опфатени програмските содржини на сите образовно-воспитни подрачја: јазик, читање, литература и лектира, изразување и творење и медиумска култура. Во интегрирано планирање можат да се вклучат соодветни содржини и од другите предмети преку кои учениците осознаваат поими, функции на зборови, го збогатуваат фондот на зборови, правилното говорење и усното и писмено изразување. Во планирањето на наставната програма се уважува различното тежинско ниво на програмските содржини, поставените цели, потребниот временски рок за реализација и нивоата на постигања се основа на планирањето на наставниот процес. Успешната примена на разновидните методи и покрај личниот напор на наставникот бара наставни програми во кои експлицитно се истакнати новите приоди во поучувањето. Споредувајки ја наставната програма за изборниот предмет изучување на албанскоит јазак со другите наставни програми се констатира дека недостасуваат многу елементи кои секако се доста важни за една современа и ефективна настава, а со тоа и подобри постигања од страна на учениците и остваруване на поставената цел. Затоа се наложува промени во постоечката наставна програма во која освен оштите цели потребно е дефинирање на конкретните цели на секое програмско подрачје , поимите кои ученикот треба да ги усвои од наставната содржина, активностите и методите, кои ќе помогнат ориентационо на наставникот за да го осмисли наставниот процес и да изработи квалитетни планирања (глобални, тематски, месечни и дневни), а со тоа да ги постигне

поставените цели. Во наставната програма не се дадени и дидактичките препораки, како ориентација и патоказ за успешно остварување на наставниот процес. За остварувањето на настевните цели и содржини во врска се оценувањето (дијагностичко, формативно, макро сумативно и сумативно), наставните средства, просторните услови за реализација на наставниот процес, норматив на наставниот кадар и очекуваните резултати се поврзани и обезбедуваат кохерентност во наставата. Наставната програма за изборен предмет Албански јазик нема претрпено промени од 2005. Треба да се напомени дека од оваа учебна година е направена нова наставна програма за VI одд но таа програма не е достапна во училиштата и на веб страната на БРО, истотака и учебник во склоп на таа програма, за шесто одделение кој има претрпено мали промени или модификација на учебникот од петто оделение. Се предвидува Албанскиот јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование да се изучува од шесто[63] одделение деветгодишно основно образование, додека програмата започнува од петто одделение што доаѓа во спротиставеност или некомпатибилност помеѓу *Наставниот план* предвиден за учбната година, *Наставната програма* и *Учебникот*. Наставната програма по предметот Албански јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование е показател за понатамошното организирање на целокупната настава за изочување на јазикот поради тоа треба да претрпи промени, за подобро претставување и доближување на ученикот.

**Учебниците** по предметот Албански јазик (изборен) во девет годишно основно образование не се вклопуваат доволно со предвидените програми. Ако во програмите се предвидува учење преку слушање, вежбање, пишување и реално во нив треба да има вежби за полесно прифаќање и учење но постојат во

[63] http://app.bro.gov.mk/docs/nastaven_plan_devetgodisno.pdf

мал дел од содржините. Текстовите не се во корелација со содржините во наставната програма и со поимите кои се обработуваат. При поставување на задачите за проверка на усвоените знаења нема задачи од различно тежинско ниво и различен вид.

Како учебници за ученици кои за првпат се сретнуваат со Албанскиот јазик недостигаат вежби како и други пропратни материјали: визуелни, аудиотвни, работни тетратки или листови за полесно учење. Истотака недостигаат илустрации. Учебниците немаат и добар дизајн и не се привлечни и мотивирачки за учениците. Учебникот за осмо одделение е во црно бело издание само корицата е во боја. Што се однесува до учебниците за петто и шесто одделение донекаде ги исполнуваат дидактичките концепти за еден добар учебник како и потикнуваат за усвојување на нови знаења. Учебниците за седмо и осмо одделение не се конпатибилни со нивото на возраста на учниците. Текстовите во нив се предолги и не прифатливи. Не нудат привлечност и мотивирање на учениците.

Ставовите на учениците и нивната заинтересираност за Албанскиот јазик се покажа како доста позитивно и прифатливо.

Од дадените искази од страна на наставниците може да се забележи дека голем број од нив имаат позитивен став околу изучувањето на албанскиот јазик како изборен предмет во девет годишно образование. Но, голем број, од наставниците се согласуваат, што се однесува до наставната програма и учебниците дека треба да претрпат промени и да се усогласат со возраста на учениците, да бидат поинтересни и да ги задоволат дидактичките стандарди. Како и обуки и семинари за наставниците реализатори од страна на МОН и БРО. Концептот на наставните програми по предметот Албански јазик (изборен) во деветгодишно основно образование содржи одредени недоследности кои се однесуваат на постоење на неединствени критериуми во нивната структура. Содржините треба да имаат дидактичко-методички концепт во кој би се препознале современите пристапи на работа. Истотака треба да има изработка на методски прирачник поединечно за секое одделение за

наставниците кои предаваат. На крај на ова анализа вреди и да се напомени и недостатокот или недоволно застапени мултикултурни теми, како посебни и важни одлики во општеството каде што живееме, за да се биде модел со кој би се промовирало мултикултурата.

Ова истражување нуди можности за понатомошно проширување и надградување во апект на организација и реализација на Албанскиот јазик како изборен предмет во деветгодишното осноцно образование.

# ПЕТТИ ДЕЛ

# ЛИТЕРАТУРА И ПРИЛОЗИ

## ЛИТЕРАТУРА:


1. **Адамческа, С.** (1996), *Активна настава,* Скопје: Легис.
2. **Адамческа, С.** (2004), *Педагошка експертиза на наставните програми и учебниците за Граѓанско образование за основните и средни училишта во Република Македонија*, Скопје: Филозофски факултет
3. **Bakovljev, M.** (1984), *Didaktika,* Beograd: Naucna knjiga.
4. **Bloom, B.** (1981), *Taksonomija,* Beograd: Republicki zavod za unapredivanja vaspitanja i obrazovanja.
5. **Bognar, L., Matijevic, M.** (2002), *Didaktika*, Zagreb: Skolska knjiga.
6. **Bognar, L., Matijevic, M.** (1993). *Didaktika*. Zagreb: Skolska knjiga.
7. **Bennett, C.** (1995). *Comprehensive multicultural education: Theory and practice* (3rd ed.). Massachusetts: Allen & Bacon.
8. **Vučenov, N.** (1988), *Koraci ka savremenoj nastavi,ucenja i udžbeniku*, Zavod za udzebnike i nastvna sredstva, Beograd
9. **Вилотијевиќ, М.** (1999), *Дидактика: Дидактичке теорије и теорије учења,* Београд: Научна књига.
10. **Вилотијевиќ, М.** (2000), *Дидактика: предмет дидактике,* Београд: Научна књига.
11. **Вилотијевиќ, М.** (2000), *Дидактика: организација наставе.* Београд: Завод за уџбенике и наставна средства.
12. **Demiraj, Sh**. (1988), *Gjuha shqipe dhe historia e saj*, Tiranë
13. **Ибрахими , М.** (2005)*, Да учиме Албански* , Скопје
14. **Иван П. Иванов** - *Проблеми на методологијтяа на изследванията в интеркултурното образование*- Универзитетско издателство, 2011
15. Иванов П. Иванов(2002)- *Диферинциална педагогика*, Шумен
16. **Идризи, Џ.** (2006), *Gjuhë shqipe për klasën e VIII (lëndë zgjedhore),* Shkup

17. **Јовановиќ, М., Џорџевиќ, Б.** (1979), *Анализа приручне литературе за ученике основних школа-Зборник12*, Институт за педаг.истражувања, Beograd
18. **Jelavic, F.** (1995 ), *Didakticke osnove nastave,* Zagreb: Naklada Slap.
19. **Јовиќ, Б.** (2005), *Современо училиште: избор или потреба,* Скопје: Просветен работник.
20. **Цветанова,Г.**(2007), *Културните разлики и општествена интеграција: Македонија пред и по рамковниот договор*, Скопје, 2007
21. **Камчева-Лакинска, Б**. (1996), *Самостојната работа на ученикот во наставата*, Кавадарци: Даскал Камче.
22. **Knezevic, V.** (1987), *Savremeno obrazovanje i nastavni planovi i programi*, Zbornik 20, Beograd: Institut za pedagoska istrazivanja.
23. **Klippert, H.** (2001), *Kako uspješno učiti u timu*, Zagreb: Educa.
24. **Камчева,Л. Б.**(1992), *Самостојна работа на учениците со учебник и друг печатен текст во наставата во основното образование*, Скопје
25. **Лалиќ, Н., Мирков, С., Спасеновиќ, В**. (2000), *Наставни програми и усвајање наставних садржаја*, Зборник 32: Београд: Институт за педагошка истраживања.
26. **Ламева, Б.** (2007), *Контрола на квалитетот во образованието во Република Македонија, Образовни рефлексии,* Скопје: Биро за развој на образование.
27. **Марковиќ, Д.** (1999), *Савременост и образовање*, Београд: Учитељски факултет.
28. **Маказлиева, Е**. (1995), *Дидактички компоненти на учебникот*, Скопје
29. *Нацрт стратегија за развој на образованието на Република Македонија.* (2000), Скопје: Министерство за образовние и наука.
30. **Попоски, К.** (2000), *Програмирање на воспитно-образовниот процес,* Скопје: Педагошки Завод на Македонија.
31. **Poljak, V.** (1970), *Didaktika za pedagoske akademije*, Zagreb.

32. **Poljak,V.** (1980), *Didaticko oblikovanje udzebnika i prirucnika*- Školska knjiga, Zagreb

33. **Хамити, А., Хамити, И**. (2006), *Gjuhë shqipe për klasën e V (lëndë zgjedhore)*, Shkup

34. **Хамити, А., Хамити, И.** (2006), *Gjuhë shqipe për klasën e VI (lëndë zgjedhore)*, Shkup

35. **Хамити, А., Хамити, И**. (2006), *Gjuhë shqipe për klasën e VII (lëndë zgjedhore)* , Shkup,

36. *Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование*- МОН, Скопје, 2007

37. *Прирачник за образование за животни вештини* : (од I до III одделение во деветгодишното основно училиште)/(прирачникот го подготвија Сафет Балажи ... (и др.) ; под раководство на Виолета Петроска-Бешка). - Скопје: Биро за развој на образованието, 2008.

38. *Прирачник за изучување на немајчин јазик за наставниците од основното, средното и високото образование*-OSCE, HCNM, Скопје, 2011

39. *Концепција за изработка на учебник и методологија за вреднување на учебник*, БРО, Скопје, 2010

40. *Училиштето со мешан етнички состав-работилница* , МЦГО. Скопје, 2006

41. *Наставна програма Албански јазик* (како изборен предмет во ОУ, од V-VIII одд) - БРО, Скопје 2005

42. *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015* (со придружни програмски документи)- Министерство за Образование и Наука

43. *Студија за мултикултрализмот и меѓуетничките односи во образованието* - Канцеларија на УНИЦЕФ, Скопје, 2009

44. *Katalog izbornih predmeta u osnovnoj školi za 2009/10. školsku godinu,* Zavod za školstvo Crna Gora (Podgorica), 2009
45. *Прирачник за Социјална Правда* - Фондација Институт отворено општество, Скопје, 2009
46. *Анализа на меѓуетничките односи во Република Македонија* - Здружение на граѓани за поддршка на меѓуетнички дијалог и развој на заедницата- "Заеднички вредности" - 2009
47. *Analiza nastavnog plana i programa za devetogodišnje osnovno obarzovanie-* Ministerstvo obrazovanja i nauke kantona Sarajeva, Sarajevo, 2011
48. http://app.bro.gov.mk/docs/nastaven_plan_devetgodisno.pdf
49. http://sq.wikipedia.org/wiki/Libri
50. http://siofa.gov.mk/mk/dokumente/Ramkoven_dogovor.pdf
51. http://utsh.mrforum.net/t49-origjina-e-gjuhes-shqipe-dhe-historia-e-saj
52. http://modersmal.skolverket.se/albanska/index.php?option=com_content&view=article&id=80
53. www.bro.gov.mk
54. http://www.see-educoop.net/education_in/pdf/mak-strategija-mk.pdf
55. http://www.edchange.org/multicultural/papers/keith.html
56. http://www.civicamobilitas.org.mk/attachments/article/23/Razvoj,%20celi,%20aktivnosti_MIR.pdf
57. http:///www.mon.gov.mk
58. http://www.sei.gov.mk
59. http://www.stat.gov.mk
60. http://europa.eu.int/comm/education/index_en.html
61. http://www.zemrashqiptare.net/news/id-23907/cid 125/Avzi_Mustafa:_Organizimi_i_shkoll%C3%ABs_shqipe_n%C3%AB_Maqedoni_1945_1990.html
62. http://www. dielli.net
63. http://www.dositejobradovic.edu.rs/download/Obrazovni%20standardi%202009%20sa%20koricom.pdf

# ПРИЛОЗИ

***1. Чек листа (Анализа на учебниците по Албански јазик како изборен предмет во деветгодишно образование)***

| ТВРДЕЊЕ | ДА | НЕ | ДЕЛУМНО |
|---|---|---|---|
| 1). Принципот на поставеност на програмата при изготвување на содржината. | | | |
| 2). Учебникот дава можност за самостојна работа на ученикот. | | | |
| 3). Е соодветен на развојни можности на учениците. | | | |
| 4). Има добра структура на содржините. | | | |
| 5). Дава можност за стекнување на применливи знаења и вештини. | | | |
| 6). Учебникот е компатибилен во однос на програмата и содржините. | | | |
| 7).Учебниците даваат можност за примена на вежбање на знаења и вештини. | | | |
| 8 ). Ги задоволуваат стандардите на учебници за изучување на немајчин јазик (странски јазик). | | | |

# АНКЕТА

**Основно училиште:**________________________

**Општина**________________

**Ученик во**_____

Почитуван ученику!

Изборните предмети сте ги избрале ***Вие*** самите врз основа на Вашите интереси и желби. Еден од тие предмети е и ***Албанскиот јазик***. Истражувањето го спроведуваме со цел да ги согледаме Вашите мислења за процесот на неговото реализирање со цел подобрување на истиот.

Ве молиме да одговорите на следните прашања проценувајќи ја точноста на тврдењето, односно степенот на присутноста, како и значајноста на дадениот исказ, по следната скала:

| ЗНАЧАЈНО | ТОЧНО/ПРИСУТНО |
|---|---|
| 1-незначајно | 1-неточно/не е присутно |
| 2-значајно | 2-делумно е точно/присутно |
| 3-многу значајно | 3 -точно/присутно во целост |

**Ви благодарам за издвоеното време!**

**Проф. Мерита Сејдини**

| ЗНАЧАЈНО | | | ТВРДЕЊЕ/ИСКАЗ | ТОЧНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 |
| | | | 1.Изборнот предмет Албански јазик го избиравме по пат на анкетирање од страна на стручната службан а училиштето | | | |
| | | | 2.Наставата по изборниот предмет **Албански јазик** е со *интересна* организација | | | |
| | | | 3. Наставата по изборниот предмет **Албански јазик** ги *задоволи моите првични интереси* и очекувања | | | |
| | | | 4. *Задоволен/на сум со квалитетот на информации* и совети што ги добиваме од наставникот по изборниот предмет | | | |
| | | | 5. Учебниците се интересни и стимулативни за изучување на Албанскиот јазикот | | | |
| | | | 6. На час по предметот Албански јазик се применуваат *различни наставни форми* фронтална, групна, индивидуална, тандемска | | | |
| | | | 7.знаењата што ги стекнувам се резултат на организирањето, објаснувањето, поттикнувањето, насочувањето, упатувањето од страна на наставникот. | | | |

**8.** Вашите препораки,сугестии  за предметот Албански јазик како изборен предмет!

____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________

# *Структуиран протокол на интервју со директори и стручни соработници (педагог и психолог)*

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Структуиран протокол на интервју со директори и стручни соработници**<br><br>Почитувани!<br>Цел на ова интервју е да добиеме сознанија околу вашите ставови и мислења за воведуваањето на Албанскиот јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование во неалбанските паралелки. | | | |
| Интервјуист: | | | |
| Интервјуирани: | | | |
| Место на интервјуирање: | | | |
| Прашања: | Одговори: | | |
| | Воопшто не се согласувам<br>1 | Делумно се согласувам<br>2 | Потполно се согласувам<br>3 |
| 1.Албанскиот јазик како Изборен предмет треба да се изучува од 6 одд. | | | |
| 2. Албанскиот јазик се изучува преку добри наставни содржини. | | | |
| 3. Потребни се програмски промени за албанскиот јазик како изборен предмет. | | | |
| 4.Доволно се два часа неделно за | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| изучување на Албанскиот јазик. | | | |
| 5. Дипломираните професори по Албански јазик се доволно компетентни за предавање на предметот Албански јазик како изборен предмет. | | | |
| 6. Наведете ги потешкотите со кои се соочувате во реализација на предметот албански јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование. | | | |
| 7. Дидактичките препораки за поуспешна реализација на Албанскиот јазик како изборен предемет во деветгодишно основно образовани! | | | |
| 8. Што мислите за постигањето на учениците со изучување на албанскиот јазик како изборен предмет? | | | |
| 9. Учебниците по албански јазик дали ги задоволуваат дидактичките стандарди? | | | |

# Анкета

- Основно училиште ______________________
- Општина: ____________________
- Професија:____________________
- Пол (заокружи): М Ж
- Заокружете го степенот на вашето образование:
  1. Средно
  2. Вишо
  3. Високо

Почитувани!

Со овој анкетен лист сакаме да добиеме сознанија околу вашите ставови и мислења за воведуваањето на Албанскиот јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование во неалбанските паралелки. Ве молиме внимателно и искрено да одговорите на дадените прашања.За пополнување на прашалникот ви се потребни 20 минути. Анкетата е анонимна.

Ви благодариме на соработката!

проф. Мерита Сејдини

# ***Албанскиот јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование***

Наведете до кој степен се согласувате со следните изјави

(за секој ред заокружете само еден од броевите)

| 1. Прашања | Воопшто не се согласувам | Делумно се се согласувам | Потполно се согласувам |
|---|---|---|---|
| 1. Албанскиот јазик како Изборен предмет треба да се изучува од 6 одд. | 1 | 2 | 3 |
| 2. Албанскиот јазик се изучува преку добри наставни содржини | 1 | 2 | 3 |
| 3. Потребни се програмски промени за албанскиот јазик како изборен предмет | 1 | 2 | 3 |
| 4. Доволно се два часа неделно за изучување на Албанскиот јазик | 1 | 2 | 3 |
| 5. Дипломираните професори по Албански јазик се доволно компетентни за предавање на предметот Албански јазик како изборен предмет | 1 | 2 | 3 |

***2. Наведете ги потешкотите со кои се соочувате во реализација на предметот албански јазик како изборен предмет во деветгодишно основно образование!***

**3. *Дидактичките препораки за поуспешна реализација на Албанскиот јазик како изборен предемет во деветгодишно основно образовани!***

**4.*Што мислите за постигањето на учениците со изучување на албанскиот јазик како изборен предмет?***

**5.*Учебниците по албански јазик дали ги задоволуваат дидактичките стандарди?***

***Ви благодариме!***